# ЗЕЛЕНА ПРОГРАМА НА ДОМ
2016-2020

*(дополнета во консултација со граѓаните)*

**ИМАМЕ ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА!**

# Содржина


**1. ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА....................9**

1.1. КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ .................... 9

1.2. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .................... 11

1.3. ЗЕЛЕНИ ГРАДОВИ – ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ.................... 26

1.4. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА.................... 29

**2. ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА И ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА....................33**

ЕКОНОМСКАТА ИДНИНА Е ЗЕЛЕНА! .................... 33

2.1. ЕКО-ТУРИЗАМ .................... 42

2.2. ЕКО-ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ЗДРАВА ХРАНА .................... 47

2.3. ОБНОВЛИВИ ЕНЕРГИИ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ.................... 50

2.4. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД.................... 53

2.5. УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ.................... 55

**3. ФУНКЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ДРЖАВА....................57**

3.1. ПРАВНА ДРЖАВА – ГАРАНТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА И СЛОБОДА .................... 57

3.2. КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ.................... 61

3.3. НАУКА И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ .................... 67

3.4. КУЛТУРА И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ.................... 71

3.5. ЕФИКАСЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ.................... 73

**4. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ....................77**

4.1. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ПО МЕРКА НА ЧОВЕКОТ .................... 77

4.2. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА .................... 82

4.3. ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ.................... 84

4.4. ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ .................... 89

4.5. ПРАВАТА НА ЛГБТ ЛИЦАТА.................... 92

4.6. МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ .................... 94

4.7. ПОЛИТИКИ ЗА ТРЕТО ДОБА.................... 101

**5. ОТВОРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ДИЈАЛОГ ........105**

5.1. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................... 105

5.2. ДОМ ВО СЕМЕЈСТВОТО НА ЕВРОПСКИТЕ ЗЕЛЕНИ.................... 111

# Почитувани сограѓани,

Ви ја претставуваме Зелената програма на ДОМ за периодот 2016-2020 година, како наша понуда за овие Парламентарни избори. ИМАМЕ ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА! Чист воздух, вода, здрава храна, зелена природа, хумани услови за живот – неопходни се, за опстанок на човекот и природата. Луѓето ја ограбуваат природата, производството и потрошувачката се масовни, а Планетата Земја ни возвраќа со климатски промени и закана за опстанокот на човекот.

Глобалните трендови се повторуваат и во нашата Македонија. Моќните во политиката стојат зад големите бизниси, водени од профит на сметка на здравјето и животната средина. ДОМ го крена гласот за демократски промени, правна држава и почитување на човековите права и слободи. Зашто зелените политики се концепт на демократска држава со социјална правда и еднакви можности за сите. Значи, недискриминација на секој еден човек, независно од припадност – партиска, етничка, верска, независно од став, физичка состојба, сексуална ориентација, возраст. ДОМ верува дека ИМА ЛУЃЕ во Македонија со капацитет, одговорност и чесност да ги подобрат состојбите во образованието, науката, културата, здравството, урбанизмот, спортот...

Зелените приоритети на ДОМ, пак, се: заштита на животната средина, одржлив урбан развој, зелена незагадувачка економија со зелени работни места, обновливи енергии и енергетска ефикасност, еко-туризам, еко-земјоделие и здрава храна, управување со отпад и со води.

ДОМ продолжува активно да дејствува и во овие сложени политички прилики. Понекогаш разбран и широко поддржан за некоја добра идеја, понекогаш не. Не е лесно да си во политичкиот центар, па уште зелен, во услови на жестока поларизација. Црно-белиот свет не се дава, ни го одби предлогот за една изборна единица, отворени листи и 50% жени и мажи на нив.

Не се откажуваме, ќе продолжиме со своето мирољубиво, ама упорно делување на своите теми од зелената програма, отворени

за соработка со секој соборец. Свесни сме дека не можеме да приближиме два брега, но можеме да изградиме мост од нашите еколошки теми, кои сите нè поврзуваат како луѓе што споделуваат ист животен простор. ЗЕЛЕНОТО НÈ ОБЕДИНУВА.

Ова се тешки времиња за Македонија и нејзините граѓани. Однадвор, неправедно блокирана две децении, што силно нè фрустрира. Однатре, пак, самите се блокираме, граѓаните се делат, во сите сфери се судираме со Хобс – човек на човека му е волк. А грст луѓе сме – роднини, комшии, пријатели порано. Не вреди ниедна добиена битка за власт, моќ или богатство, за изгубеното пријателство, за комшиското кафе, за пристојното *добар ден* како сограѓани и минувачи по исти улици. Нема иднина за нас без враќање во нормала, кон демократски дијалог и толеранција на разликите. Мораме да се вратиме кон себеси и кон човечкото во нас.

ДА СЕ ОСТАНЕ ЧОВЕК е многу важно, да се издржи на принципите во кои веруваш, исто така. Ниеден притисок не може да нè скршне од зелената идеологија, таа сега е веќе зрела и се поразбирлива. Паралелно со процесите на демократизација во Македонија и создавање функционална демократска држава, мора да се создадат и услови за хумано живеење во здрава животна средина.

Почитувани сограѓани, ДОМ тврди дека ИМАМЕ ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА и имаме обврска за неа да се избориме – сите заедно.

Со почит,
Лилјана Поповска

# ЗЕЛЕНА ПРОГРАМА НА ДОМ
2016-2020

# 1. ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 1.1. КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

### Состојби

Со зголемување на стакленичките гасови (јаглерод диоксид, метан итн.) во атмосферата, кое најмногу доаѓа од согорувањето на фосилните горива (јаглен, нафта, гас) и со неконтролираната сеча на шумите, човечкото влијание врз климатските промени континуирано се зголемува и последиците можат да бидат фатални за човештвото. Поплави, суши, рапидно менување на времето, силни ветрови, губење на биодиверзитетот, вируси и бактериски болести, се само некои од последиците од климатските промени.

Целиот свет ја препозна важноста на климатските промени на Самитот на Обединетите Нации за климатски промени во Париз каде 195 држави го усвоија првиот универзален и правно-обврзувачки договор со кој треба да се ограничи зголемувањето на глобалната температура под 2 Целзиусови степени, односно да се задржи на 1,5 Целзиусов степен. Со овој договор државите го одредија крајот на ерата на фосилни горива и долгорочната насока за одржлив развој кон ниско-карбонска економија. Сепак, доставените т.н. „национални придонеси“ кои претставуваат цели на секоја држава за намалување на стакленичките гасови, не се доволни за да се постигне оваа цел. Имено, доколку успешно се постигнат целите од „националните придонеси“ Планетата Земја ќе се загрее 2,7 Целзиусови степени и последиците ќе  бидат катастрофални. Затоа, овој договор предвидува евалуација на „националните придонеси“ на секои 5 години и повикува на поставување на поамбициозни цели од страна на државите. Договорот предвидува и систем за финансирање и мобилизација на 100 милијарди долари од страна на развиените држави до 2025 година со кои ќе се финансираат неразвиените земји и земјите во развој. Сите земји кои ќе го насочат својот развој кон ниско-карбонска економија ќе имаат можност да користат финансии од „фондот за климатски промени“. Р. Македонија преку фондовите на Европската Унија ќе има можност да поднесува проекти и планира инвестиции за постигнување на целите од документот со „национални придонеси“ во насока на намалување на стакленичките гасови.

## Приоритети

ДОМ ќе се залага за усогласување на целите за намалување на стакленички гасови со Европската Унија. Имено, во документот со „национални придонеси“, Р. Македонија се стреми да ги намали стакленичките гасови за 30% до 2030, додека пак Европската Унија има цел да ги намали за 40% до 2030 година. ДОМ активно ќе учествува во процесот на евалуација на документот со национални придонеси и ќе се залага да се поставaт поамбициозни цели кои ќе бидат усогласени со развојната насока на Европската Унија.

Остварувањето на целите од овој документ се условени од финансиските средства. ДОМ ќе се залага за создавање Фонд за климатски промени, со кој ќе управува Министерството за животна средина и просторно планирање. Фондот ќе има механизам со кои ќе се добиваат финансиски средства со цел да се инвестира во развој на ниско-карбонска економија, односно развој на обновливи извори на енергија и зголемени мерки за енергетска ефикасност.

Зголемување на капацитетите, технолошки и човечки, образованието и знаењето е предуслов за искористување на фондовите за климатски промени кои Европската Унија и Обединетите Нации ќе ги имаат на располагање. ДОМ ќе лобира во соодветните институции да се инвестира во развој на образовни кадри кои ќе бидат способни да создадат и реализираат проекти во насока на развој на ниско-карбонска економија.

Превенција од природни катастрофи и обезбедување еколошка безбедност се еден од приоритетите на ДОМ. Како дел од Европското семејство на Зелените, ДОМ ќе овозможи регионална и меѓународна соработка на полето на климатски промени. Последиците од климатските промени не познаваат политички граници. Природна катастрофа, како поплава или суша, влијае врз сите граѓани на државите кои се засегнати. Воспоставување систем за размена на информации и знаење, искуства и проекти на меѓународно ниво, создавање на заеднички механизам за поддршка на природни катастрофи, и развој на регионални проекти со кои ќе се аплицира во меѓународните фондови се дел од активностите кои ДОМ ќе ги преземе за справување со климатските промени.

## 1.2. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Состојби

**Имаме уставно право на здрава животна средина.**
**Дали навистина го оствaруваме?**

Животната средина има висока позиција во Уставот на Република Македонија како темелна вредност на правниот поредок. Уставните одредби јасно одредуваат дека **секој има право на здрава животна средина и е должен да ја унапредува и заштитува животната средина**. Надлежните органи се обврзани да обезбедат услови за остварување на ова право. **Во стварност – животната средина не е приоритет и граѓаните ги чувствуваат последиците!**

Република Македонија има донесено низа стратегии во областа на заштитата на животната средина, но нивното спроведување е голем предизик и се одвива со забавено темпо, бидејќи нема политичка волја, ниту, пак, доволни ресурси, како човечки и технички, така и финансиски. Извештаите на Европската комисија нотираат мошне мал напредок во однос на потребното јакнење на административните капацитети.

Животната средина е свесно жртвувана за сметка на задоволување на апетитите на кусогледи политичари, домашни и странски компании и инвеститори. Постои изразена тенденција да се избегнува отворање на проблемите предизвикани во животната средина и да се молчи за еколошки катастрофи што се случуваат секојдневно и насекаде.

**ДОМ работи и ќе продолжи да работи во насока на промена на пристапот на поличарите и сите засегнати страни кон животната средина, за да се овозможи граѓаните да го остварат своето загарантирано право на здрава животна средина.**

**Затоа ДОМ смета дека се потребни повеќе средства за заштита на животната средина.** Потребна е радикална измена на владините приоритети при распределба на буџетот и префрлање средства во развојни активности, како и решавање на најгорливите прашања кои го загрозуваат правото на граѓаните на здрав живот.

**Кои се горливите прашања во животната средина?**

Загубата на природни ресурси и деградацијата на животната средина и климатските промени се предизвици со кои се соочува општеството во глобални рамки. Меѓутоа, во Македонија овие проблеми се уште понагласени, бидејќи властите се однесуваат како природните ресурси и богатства дека ќе траат вечно.

Процедурите за интегрирање на прашањата на животната средина во останатите сектори, при изработка на закони, страгегии и инвестициони проекти, имаат сериозни недостатоци.

Според годишните извештаи за животната средина, Македонија не е зелена држава. Развојот на економијата во Македонија не е одржлив. Градовите во Македонија се задушени заради интензивната и непланска градба, а граѓаните живеат во услови на загаден воздух, недоволни зелени површини и неефикасно организиран јавен транспорт.

Често при развивање на инфраструктурни проекти се загрозуваат изворници за водоснабдување, се навлегува во зони за заштита на биолошката разновидност, се сечат големи површини под шума. Инспекциските служби се недоволни за да се спречат или намалат прекршоци во животната средина или сериозни дела во областа на еколошкиот криминал. Затоа е потребно доекипирање на Државниот инспекторат за животна средина.

## Урбан развој

Националните и локалните власти, со постојани изменувања и дополнувања на законите што го регулираат просторното и урбанистичкото планирање, доведоа до целосно уништување на процесот на планирање на урбаниот развој. Хиерерхијата на урбанистичките планови е нарушена; за поттикнување на инвестиции во јавниот, а особено во приватниот сектор, овозможено е да се реализирааат проекти спрема потребите на нарачателот, не водејќи притоа сметка за општествените потреби, јавниот интерес и одржливиот развој. Особено што инвеститорот може да побара промена на првичните дадени локациски услови: на пример, за објект со висина од 10 метри, тој може да добие дозвола од трочлена комисија, формирана од градоначалникот на општината, објектот да биде со висина и до 20 метри, без притоа да биде консултирана јавноста.

Доколку се јават жалби на одреден урбанистички план, секогаш тие може да бидат амортизирани со упатување кон Законот и Правилниците, кои се свесно направени за да овозможат да се спроведе нарачаното. Следствено, постојната законска рамка што го регулира урбанистичкото планирање и градењето, овозможува да бидат исполнети желбите на инвеститорот за што поголем степен и густина на изграденост, односно поголем профит; истовремено, постои голем простор за заобиколување на принципите на добра пракса за урбанистичо планирање.

Со урбанистичките планови се овозможува градење на објекти што со својата поставеност и волумен придонесуваат за намалување на осончеността и проветреноста и соодветно нарушување на микроклимата. Јавното зеленило безумно се уништува. ДОМ веќе 5 години се бори за донесување на Законот за урбано зеленило кој е изготвен од Комисијата за животна средина на ДОМ, заедно со експерти од институциите и граѓанскиот сектор. Но предлогот на пратеничката од ДОМ, Лилјана Поповска, поддржан и од други пратеници, 3 пати се одбива од владејачкото мнозинство.

Постојната инфраструктура нема капацитет да ги опслужи новите објекти што постојано никнуваат. Заради тоа постојано се излеваат водоводни или канализациони цевки. Возила се паркираат на улица, бидејќи не е обезбеден доволен број на паркинг места за новите згради. Со тоа се оневозможува и безбедено движење на пешаците и велосипедистите кои се загрозени категории.

Јавниот транспорт, освен во Скопје, кадешто генерално е подобрен и поредовен поради набавката на нови автобуси, не е соодветна алтернатива на индивидуалниот: Во 1989 година Јавното сообраќајно претпријатие во Скопје има превезено околу 150 милиони патници, а во 2009 година се превезени вкупно 48,6 милиони патници (300% намалување). Бројот на превезените патници со јавниот патнички транспорт во 2014 година, во однос на 2013 година, е намален за 15.7%. Од ова произлегува дека приватните возила се најмасовни и неретко во нив се вози само по еден патник. На тој начин се зголемува густината на сообраќајот, се создава метеж, се намалува безбедноста на возачите и пешаците, се трошат поголеми количества на гориво и се загадува воздухот.

При реконструкцијата и ширењето на улиците не се планираат велосипедски патеки. Поради недостиг на велосипедски патеки постојано гинат велосипедисти.

**ДОМ се залага за донесување на пакет закони и мерки во урбанизмот за квалитетен живот – во првите шест месеци** - ова се долгогодишни заложби на **ДОМ**, кои досега не наидоа на политичка поддршка:

- Носење на **вистински Закон за урбано зеленило**
  **ДОМ**, во соработка со експерти од институциите, **изработи Закон за зеленило**, по примерот на германските и австриските закони, со обврска за строга заштита на зеленилото, со нормативи за 25 метри квадратни зеленило на ниво на град и 10-30% зеленило на ниво на градежна парцела. Законот три пати го предлагавме во Собранието и беше одбиван. Неодамна помина еден т.н. Закон за зеленило, без нормативи и без механизми за негова заштита.

- Носење на **нов Закон за просторно и урбанистичко планирање** и **нов Закон за градење**
  **ДОМ** знае дека бројните измени во постојните закони се направени во функција на инвеститорите, а на штета на граѓаните и нивниот квалитет на живот. Затоа, неопходна е промена на концептот во урбанизмот и градежништвото. Новите законски измени ќе бидат согласно Законот за урбано зеленило, а истовремено ќе ги отстранат проблематичните одредби во постојниот закон и ќе обезбедат реален увид на граѓаните при носењето на идните ДУП и ГУП.

- Носење на **Закон за Градски архитект**
  **ДОМ подготви** измени на Законот за Град Скопје и Законот за локална самоуправа, во соработка со двете здруженија на архитекти, со цел враќање на функцијата градски архитект, со Совет на градски архитекти. Оваа иницијатива три пати неосновано беше одбиена во Собранието. Законски, архитектите ќе бидат предлагани од еснафските здруженија. Експертските тела ќе бидат брана пред напливот на желбите и интересите на политичарите да си вцртуваат објекти таму кај што не им е местото, и каде просторот и естетиката тоа не го дозволуваат.

- **Стопирање и ревизија на штетни ДУП-ови и ГУП-ови**
  За **ДОМ е неприфатлив хаосот во урбанизмот**, антиеколошки и антидемократски, воден исклучиво од бизнис интереси. Зголеменото загадување и влошените инфраструктурни услови комплетно ја нарушија животната средина. Овие дејности треба да бидат во функција на граѓаните, за задоволување на потребите за хумано, здраво и квалитетно живеење.

- **Законска заштита на ГТЦ,** Градскиот трговски центар во Скопје и други модернистички објекти во големите градови
  За **ДОМ**, **ГТЦ е функционален модернистички објект** и претставува симбол на современите архитектонски текови на Македонија во 20 век. ГТЦ и другите модернистички објекти заслужуваат достоинствено осовременување, согласно авторските концепти и светските трендови за современи објекти од овој вид.

*Овој пакет закони се дел од програма на ДОМ за идната влада, во првите 100 дена од своето владеење. Со нивната итна примена, ќе ја пренесеме искрената волја на мнозинството граѓани за демократски промени и во оваа сфера, клучна за квалитетот на живот на сите граѓани во Македонија.*

Покрај донесување на овој пакет закони во урбанизмот, **ДОМ се залага и за**:

- промена на статусот на Агенцијата за просторно и урбано планирање од реализатор на владини и општински проекти во стручен планерски центар на земјата;
- реструктурирање на јавните комунални претпријатија;
- мониторинг на бучавата и поставување заштитни звучни бариери;
- Зелен транспорт (јавен превоз, електрични возила, велосипеди):
    - воведување „зелена“ зона без возила во центарот на градот;
    - забрана за тешки товарни возила во градот – користење обиколници;
    - повеќе автобуси во јавниот превоз во сите градови каде има можност;
    - воведување на “car-pooling and car sharing” – споделување на автомобил заради  намалување на трошоците, кои се поделени меѓу патниците, како и намалување на бројот на возила на патот, со соодветно намалување на загадување, потрошувачка, несреќи и паркинг проблеми;
    - изградба на мрежа на велосипедски патеки во урбаните средини и на вонградските патни правци;
    - изградба на трамвај;
    - субвенции за набавка на моторни возила со високо еколошки стандарди.

## Индустриско загадување

Индустриските загадувачи бавно ги реализираат мерките што ветиле дека треба да ги применат согласно интегрираните еколошки дозволи за усогласување со оперативните планови, за заштита на водите, воздухот и безбедно постапување со отпадот, за да добијат дозволи за работа. Ресурсите на инспекциските органи се недоволни; дел од инспекторите се нестручни, дел под политички притисок, така што голем дел од нарушувањата во животната средина не се санкционираат.

ДОМ заедно со граѓаните успешно се избори против големите загадувачи, против рестартирање на Топилницата во Велес, против изградба на Железара во Неготино, среде лозја и за почеток на решавање на старото загадување со линдан во ОХИС.

Државата неколку пати го одложуваше рокот за воведување на еколошките дозволи за компаниите. Конечно, на инсистирање и јавна кампања на ДОМ, заедно со невладини организации и граѓани, големите индустриски загадувачи мораа да ги применат мерките утврдени со оперативните планови до 1 април 2014 година. Обврската не ја исполнија „Макстил“ и „Југохром“, со тоа што беа условени да го намалат производство за да се редуцираат емисиите во животната средина. ДОМ поднесе кривични пријави против нив, кои беа одбиени. Но, под притисок на јавноста, есента 2014 „Макстил“ затвори дури да се прилагоди еколошки. Остана „Југохром“, кој во моментов не работи и најавува монтирање на соодветна еколошка опрема.

Рокот за еколошко прилагодување од 2014 не важеше за РЕК Битола и РЕК Осломеј, кои како стратешки енергетски објекти имаа друг рок поставен од Европската енергетска заедница – 2017 година. Жално е што државата се крие зад некакви одложени рокови дадени од надвор, а не бара решение и не вложува средства за спас на граѓаните од Битола и Кичево од енормното загадување на воздухот.

Покрај големите загадувачи, постојат и илјадници средни и мали загадувачи, чие работење треба да го контролираат локалните инспектори за животна средина. Нив ги има недоволно, тие се неопремени и некоординирани со Државниот инспектор за животна средина и со соодветното Министерство. Поради сево ова, издавањето на Б-интегрирани еколошки дозволи на индустриските загадувачи, со примената на заштитни мерки за намалување на штетни емисии, како и следењето на самите емисии, останува голем предизвик.

**ДОМ се залага за:**

- правилно спроведување на процесот на издавање на интегрираните еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативни планови;
- деноноќен мониторинг на загадувањето, преку обезбедување соодветен број стручни и опремени инспектори за животна средина на национално и локално ниво, како и координација со Државниот инспектор за животна средина;
- поставување и одржување на мерни станици за загадување на воздухот и водите во близина на сите поголеми загадувачи;
- покренување на парламентарни дискусии, доставување на претставки до судските органи, протести и кампањи, секогаш кога индустриските загадувачи, односно надлежните органи, не постапуваат во согласност со законските барања;

- рестартирање на Стакларницата во Скопје со јавно-приватно партнерство (поевтина стаклена амбалажа и можност за нејзино рециклирање).

## Енергетика и клима

Македонија зависи од увоз на повеќе од 40% од вкупните потреби за електрична енергија. Не постои политичка волја да се изнајде одржливо решение за енергетската зависност на Македонија, бидејќи некои структури профитираат од увозот на струја.

Според некои проценки емисиите на CO2 од енергетскиот сектор се околу 8,500–9,000 килотони годишно. 67% од овие емисии се генерираат од РЕК Битола и РЕК Осломеј, 13% доаѓаат од транспортот, 11% од производствените индустрии и градежништвото, 3% од комерцијалниот, стамбениот и резиденцијалниот подсектор, 2% од неконтролирани емисии на испарување и 4% од останатите подсектори.

Производството на енергија се врши со исклучително нечиста технологија, која користи нискокалоричен јаглен. Во ниту еден акционен план не е предвидено да се намалат емисиите од постојните термоцентрали.

Наместо тоа, се планира изведба на хидроелектрични централи во заштитени подрачја (Луково Поле и Бошков Мост, бројни мали хидроцентрали), или се спроведуваат бесконечни постапки за издавање на изградбата и управувањето со централите Чебрен и Галиште под концесија, на кои веќе и не се јавуваат заинтересирани понудувачи. Според мислењето на експерти, една од причините зошто не успеваат тие концесиски проекти, е застареноста на Водостопанската основа, односно потребата да се ревидираат хидролошките податоци врз основа на кои е сметана профитабилноста на овие проекти.

Квотата од 10 мегавати за производство на струја од сончева енергија преку фотоволтаични централи по повластена тарифа е исполнета. Не постојат други мерки со кои би се стимулирало производството на **зелена енергија** преку влез на нови инвеститори во бизнисот со струја. Нема расположение за зголемување на квотата, заради буџетски ограничувања; од друга страна, се инвестира во проекти кои се непродуктивни и неодржливи, а генерираат само временски ограничени вработувања во градежништвото.

Не постои организиран пристап за заштита на климата. Донесувањето на **Закон за климатска акција** се одвива споро и се уште нема точна претстава кои области ќе ги уредува. Националниот план

за справување со климатските промени не се спроведува. Решенијата за последиците од климатските промени, како што се поплавите или сушите, секогаш се поврзани со огромни буџетски издатоци заради обештетување на засегнатите граѓани, наместо да се работи на превенција. ДОМ смета дека соработката на надлежните институции во областа на заштитата на климата, енергетиката, шумарството и земјоделството е клучна при изработката и спроведувањето на повеќе стратегии.

**ДОМ се залага за:**

- изменување на Стратегијата за енергетика и нејзино усогласување со националниот план за заштита на климата;
- интензивно вложување во обновливи извори на енергија, а намалување на зависноста од фосилни горива;
- законско регулирање на производство и дистрибуција на енергија од обновливи извори во индивидуални станбени објекти;
- поставување сончеви колектори за струја или за топла вода во јавни објекти (градинки, школи, интернати, болници, спортски сали);
- субвенционирање на домаќинства за инсталации со обновливи извори на енергија (сончеви колектори, ветерници, геотермална енергија, биогас, биомаса);
- реновирање на стари јавни објекти (училишта, амбуланти, болници, градинки) и колективни згради за домување заради зголемена енергетска ефикасност и помали сметки за струја 40%;
- субвенционирање на домаќинства за изолација на домовите заради зголемена енергетска ефикасност и помали сметки за струја 40%;
- стимулација на бизниси со чисти технологии;
- изнаоѓање системски решенија за заштита на климата и еколошката безбедност и обезбедување финансиски средства за справување со природните катастрофи.

## Воздух

Во сите поголеми градови загадувањето на воздухот со суспендирани честици ги надминува границите во најголем дел од годината, Скопје и Тетово се едни од најзагадените градови во Европа.

Одговорни за загадувањето на воздухот се сообраќајот, индустријата, градежништвото, депониите и ложиштата (на топланите и домаќинствата) во зимскиот период.

Загадувањето на воздухот директно влијае на здравјето на граѓаните и доведува до појавата на респираторни и кардиоваскуларни заболувања. Секоја година во Македонија предвремено умираат околу 1.000 луѓе. За лекување и исплата на боледувања на луѓе што се разболеле заради загадниот воздух годишно се трошат околу 253 милиони евра. Поради тоа проблемите со загадувањето на воздухот треба да се решаваат паралелно на национално и локално ниво.

**ДОМ се залага за :**

- мониторинг на индустриските загадувачи;
- ревизија на интегрираните еколошки дозволи на Цементарница, ФЕНИ и др. (кои горат отпад при производство, со што директно го загрозуваат здравјето на граѓаните поради испуштање на огромни количества стакленички гасови);
- Затворање на старите индустриските жаришта (Охис - линдан и др.);
- намалување на емисиите од домаќинствата преку изработка и спроведување на Стратегија за воведување чисти горива;
- субвенционирање печки за целосно согорување и еколошки горива;
- стимулирање на топлински пумпи во домаќинствата;
- забрана за движење на возила под ЕУ 4 стандард;
- стимулирање на набавка на мали и енергетски ефикасни возила, наместо користените возила;
- заштита на постојното зеленило и негово зголемување;
- одржливо ниво на градежни зафати, со мерки за заштита од прашина;
- гасификација;
- расчистување на дивите депонии со отпад;
- примена на обновливи енергии и енергетска ефикасност;
- целосна ревитализација и модернизација на железничкиот сообраќај во земјата и низ неколку поголеми градови;
- да се спречат рударски активности штетни за здравјето и за животната средина, а за рударите и за вработените во металуршката индустрија да се обезбедат највисоки стандарди за заштита и безбедност.

## Води

Околу 56.000 жители од Македонија се снабдуваат со вода за пиење од бунари, селски чешми и кладенци. Кај 39,7 % од 976 примероци на вода за пиење земени во 2014 година, квалитетот на водата не бил исправен. Околу 500,000 жители во руралните населби се снабдуваат со вода од локални водоводи; во 2014 година, 26,96 % од пробите на квалитетот на водата од селските водоводи биле неисправни во однос на физичко-хемиските параметри. Квалитетот на водата за пиење е влошен дури и во некои градови (Куманово, Свети Николе, Берово итн.). Во Тетово, и покрај изобилството на вода, се применуваат рестрикции, заради загубата во мрежата и нерационалното користење.

Водоводните системи не се во добра состојба заради несоодветното одржување. Поради тоа се јавуваат загуби и до 50%, што ги поскапува трошоците за доведување на вода до потрошувачите. Исто така, и покрај тоа што изворниците се доволни да ги покријат потребите, заради загубите и нерационалното користење на вода се јавува недостиг на вода, особено во повисоките зони на градовите и во летниот период.

Околу 50% од населението во земјата е приклучено на канализациска мрежа, додека останатите 50% испуштаат главно во водопропусни септички јами. 16 % од отпадните води зафатени со канализациски системи се пречистува. Само една пречистителна станица (во Куманово) обезбедува третман на нутриенти (терцијарен третман), додека во останатите се врши примарен или секундарен третман.

Постојните пречистителни станици не функционираат на соодветно ниво, заради несоодветното одржување. Работата на најмодерната пречистителна станица во Куманово е загрозена заради недоволно финансирање. По неколку години пауза, изградбата продолжила во 2000 година во Свети Николе и Македонски Брод, потоа во 2005 година се изградени во Ресен за реонот на Јанковец, Царев Двор и Езерани, а тие водата ја прочистуваат само механички и биолошки. Во 2007 година се изградени пречистителни станици во Куманово и Кривогаштани, а во 2010 година во Берово.

Овие состојби доведуваат до загадување на реките: квалитетот на површинските води не одговара на законски утврдените норми, така што водата е хемиски и бактериолошки неисправна и несоодетна за капење, па дури и за наводнување.

Покрај инвестирањето, уште еден горлив проблем што ДОМ го потенцира е лошото одржување на постојните системи заради недостиг на финансиски средства и недомаќинско работење на

јавните комунални претпријатија: ДОМ настојува овој проблем да се реши од страна на локалните, во соработка со националните власти, за да се спречи предвремена амортизација на системите за чија инсталација се потрошени пари на даночните обврзници.

**ДОМ се залага за:**

- основање на Агенција за води;
- подобрување на водоснабдувањето, посебно во руралните области;
- подобрено пречистување на отпадните води и изградба на пречистителни станици во поголемите градови;
- намалување на губитокот на вода од водоводната мрежа до 30%;
- зајакнат мониторинг на безбедноста на водата за пиење во урбаните и руралните области;
- редовно одржување на системите со канали за наводнување;
- Да се напушти концептот на тендерско прочистување канали, а тоа да го прават специјализирани водостопански институции.

–

## Почва

Заради непостоење на мониторинг врз квалитетот на почвата, не може да се утврди концентрацијата на загадувачки материи на карактеристични локации. При повремени мерења, утврдено е присуство на тешки метали во областите покрај металопреработувачки индустрии. Тешки метали во почвата се среќаваат и покрај фреквентните патишта.

Шеснаесет локации (главно топилнички и руднички капацитети) се означени како жаришта заради присуството и емисијата на хемиски и органски загадувачи во почвите, но и во површинските и подземните води. Најсериозна закана за почвите и водите е линданот во Охис, хемиските соединенија и тешки метали во Пробиштип (Злетово), Југохром (шестовалентен хром) и Топилницата во Велес. За отпадот што со децении се складира на овие депонии постои интерес од страна на приватниот сектор со цел искористување на вредните компоненти. Државата не прави речиси ништо по ова прашање, освен одредени активности во Охис и Југохром.

Дел од жариштата се санирани парцијално, но загадувањето сеуште постои и влијае на безбедноста на храната произведена во

близината на овие локации и на квалитетот на бунарските води што се користат за пиење.

**ДОМ се залага за:**

- донесување на Закон за квалитет на почва со обврска за редовен мониторинг и ремедијација на загадената почва;
- обезбедување финансиски средства за целосно санирање на историското загадување во индустриските жаришта.

## Отпад

Во Македонија нема ниту една депонија за отпад изградена според еколошки стандарди, а на општинските диви депонии се фрла секаков вид отпад - комуналниот се меша со медицинскиот, опасниот и посебниот отпад. Постојат 54 општински депонии што, според Законот за управување со отпад, веќе требало да бидат санирани. Тоа не е возможна, во отсуство на регионални санитарни депонии (5-8 се потребни на национално ниво, според Националниот план за управување со отпад). Само депонијата „Дрисла" исполнува дел од потребните стандарди за безбедно депонирање. Се спроведуваат неколку европски проекти за изработка на документација за изградба на санитарни регионални депонии, но процесот е бавен.

Околу 30% од населението не добива организирана услуга за собирање на отпадот, поради што се создадени илјадници диви депонии, покрај патиштата и во коритата на реките. ДОМ, заедно со асоцијацијата „Ајде Македонија" во 2011 год. издејствува акција „Македонија без отпад", со поддршка на Владата, општините, НВО-и и граѓаните, со која веќе 5 години се чистат илјадници тони отпад од дивите депонии.

Не постои стратегија за управување со опасен отпад, а секоја година се генерираат 1,4 тони опасен отпад што се складира во рамките на индустриите и институциите во буриња или друг вид садови. Ова е несоодветно и може да предизвика еколошки и здравствени проблеми на локацијата или пошироко. Дел од овој отпад се извезува за третман во други земји, во случај кога операторот постапува согласно со интегрираната еколошка дозвола. Се смета дека е доволно да се изгради една депонија за опасен отпад за целата земја, но тоа треба да се потврди со подетални истражувања.

Посебен проблем е електронскиот отпад, за кој има избрано постапувачи, но процесот не заживеал. МОДОМ и ДОМ неколку години по ред организираа акции за собирање на е-отпад, за да се подигне свеста на населението и институциите.

**ДОМ се залага за:**

- носење на стратегија за Нула-отпад во Македонија и поддршка за отворање центри за реупотреба;
- подигање на свеста на политичарите и граѓаните за важноста на управувањето со отпадот како комерцијална гранка;
- изградба на санитарни регионални депонии;
- изработка на Студија за управување со опасен отпад;
- основање Централна организација за управување со опасен отпад, за различни видови третман, депонирање и горење на опасен отпад;
- законско постапување со е-отпадот;
- поттикнување на соработката помеѓу општините за управување со отпадот;
- воспоставување на регионални системи за интегрирано управување со отпадот;
- воведување кауција при купување пластични шишиња и откуп при враќање на стаклени шишиња.

## Биодиверзитет - Заштитени подрачја

Според Конвенцијата за биолошка разновидност при ООН, до 2020 година треба да се заштитат 25% од териториите на земјите потписнички. Во моментов мрежата на заштитени подрачја вклучува 86 подрачја кои зафаќаат површина од 226.809,54 ha или 8,82% од територијата на Република Македонија. Најголем процент отпаѓа на националните паркови и спомениците на природата.

Во Националната Емералд мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување од Македонија се идентификувани 35 локалитети кои зафаќаат површина од 752.223 ha или 29 % од нејзината територија. Значи сите вредни подрачја не се заштитени, а нема политичка волја да се зголеми територијата под заштитени подрачја.

Изработена е Нацрт-Стратегија за заштита на биолошката разновидност, но не е усвоена, за да не се попречат инфраструктурни проекти во заштитени подрачја.

Заштитените подрачја, пак, не се управуваат на соодветен начин. За некои се уште не е утврден стопан, а на управите за Националните паркови не им се доделуваат финансиски средства дури ни за опстанок, па тие мораат да стопанисуваат со шумите што треба да ги заштитуваат.

Изградбата на браните Бошков Мост и Луково Поле ќе ги загрози животните и растенијата во НП Маврово. Постојниот комитет на Бернската конвенција стави вето за секакви инфраструктурни зафати во НП Маврово.

На брегот на Охридско Езеро во Љубаништа се планира да се градат туристички развојни зони за масовен туризам. Во рамките на овој „амбициозен“ проект е најавена и изградба на придружна инфраструктура, како што е експресниот пат Охрид – Св. Наум, кој би минувал низ НП „Галичица“. Се планира и изградба на скијачки центар. За таа цел почна постапка за промена на опфатот на националниот парк, за што беше изработена и студија за влијанието на најавените инфраструктурни зафати врз природата, која изобилува со ендемски видови флора и фауна. Во тек е силна граѓанска битка против уништувањето на заштитеното подрачје.

Заштитата на биолошката разновидност во Македонија се соочува и со непокриеност со подзаконски акти, за да опстои правната празнина поврзана со реализација на проекти што негативно влијаат врз заштитата на биолошката разновидност.

**ДОМ се залага за :**

- ревалоризација на заштитените подрачја на Македонија и прогласување на Шар Планина и Јабланица за Национални паркови.
- довршување на соодветните правни акти за заштитени подрачја;
- усвојување на Стратегијата за заштита на биолошката разновидност;
- обезбедување буџет за функционирање на националните паркови;
- назначување тела за управување на заштитените подрачја што се во моментов без стопан;
- СТОП за шумската мафија и уништувањето на шумите;
- реструктурирање на македонски шуми во насока на заштита на шумскиот фонд и биодиверзитетот;
- спречување на проектите што се штетни за биолошката разновидност;
- подигање на свеста на граѓаните за заштитените подрачја како наша вредност;
- доследно спроведување на Законот за благосостојба на животните;

- заштита на рибниот фонд во реките и езерата од загадување на водите, од дивите сепарации на песок и од рибокрадци.

**Колкави финансиски средства се потребни за подобрување на состојбите?**

За да се воведат сите еколошки стандарди, ќе бидат потребни од две до четири милијарди евра, што изгледа како невозможна мисија, имајќи го предвид годишниот буџет на Министерството за животна средина од околу 5 милиони евра.

Со толкав буџет Министерството е способно само да ги плати вработените и комуналните трошоци, да ја плати струјата за хидросистемот „Дојранско Езеро“ од 650.000 евра, 60.000 евра за изработка на просторни планови, 100.000 евра за набавка на хемикалии и резервни делови за мониторинг-станиците за квалитетот на воздухот, 30.000 евра за рехабилитација на деца од Велес, Миладиновци, Осломеј Кавадарци и да реализира ситни проекти за 550.000 евра од собрани надоместоци.

Околу 3 милиони евра се за капитални инвестиции за пречистителни станици во Волково, Сарај, Гевгелија и Прилеп, за фекална канализација во Сингелиќ, филтер-станица за вода во Гостивар и за одводен канал во Арачиново. Но и за вакви помали проекти Министерството бара кофинансирање.

Сега сме усогласени со стандардите на ЕУ, со законите и ги уредивме речиси сите прашања. Но реализацијата на законите е нецелосна.

Досега за поголеми инфраструктурни зафати се обезбедуваа средства од донатори, а кредитите за капитални проекти за животната средина, мора да се во склад со Стратегијата за јавен долг. Проблем е и тоа што многу наши општини не се кредитоспособни, па Министерството за финансии треба да предвиди средства во централниот буџет, зашто се чекало тие пари, кои се бројат во стотици евра, да се земат од инвеститори или од ЕУ-фондови.

Само за пречистителна станица за отпадни води во Скопје требаат најмалку 100 милиони евра, за пречистителни станици за поголемите урбани центри – 724 милиони евра, за санитарни регионални депонии, набавка на опрема за собирање, претовар и третман на отпадот, како и за **депонија за опасен отпад** – 360 милиони евра, или вкупно 1 милијарда евра. За проектот Скопје 2014 се потрошија над 700 милиони евра, а буџетот за инвестиции на Министерството за животна средина и просторно планирање е одвај 3 милиони евра! **Неопходно е да се обезбедат реални средства за изведба на потребната инфраструктура.**

**ДОМ се залага за :**

- буџетот на Министерството за животна средина повеќекратно да се зголеми;
- да се формира Фонд за животна средина и енергетска ефикасност;
- да се отворат зелени кредитни линии за еколошки проекти.

# 1.3. ЗЕЛЕНИ ГРАДОВИ – ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

## Состојби

ДОМ го препознава еколошкиот притисок и влијанието кое се случува во урбаните средини врз животната средина и природните ресурси. Нашите програмски приоритети за намалување на овој притисок се базираат врз креирањето **концепт за зелен град**, кој претставува компактен систем на живи населби кои зафаќаат малку земја, трошат малку енергија, во градежништвото употребуваат локални градежни материјали, не се подлежни на чести урбанистички и демографски промени, во естетска смисла се споени со пејсажот и ги следат природните циклуси.

Зелен град е еколошки здрав град. Со појавата на современите технологии за искористување на различните енергии (сонце, ветар, вода, биомаса), технологиите за рециклирање, природните материјали за зелено градежништво, појавата на зелените бизниси, можностите за обновување на урбаната животна средина, урбаното градинарство, органското производство на храна, различните модели на транспорт кои ја намалуваат употребата на автомобилите, создаваат можности за поинаков концепт за развој на нашите градови, кој ќе се спротивстави на постоечкиот дисфункционален и проблематичен систем.

Македонија е земја во која повеќе од две третини (2/3) од вкупното население живее во градовите. Оттука од клучно значење е животот во овие средини да биде планиран, управуван и владеен во согласност со постоечките (најчесто ограничени) ресурси. Во градовите во Република Македонија, слободно можеме да констатираме дека, воопшто не се преземени ниту првични чекори кон поставување на основите за креирање на „зелени градови". Состојбата е дури дијаметрално спротивна. Од една страна Скопје

и неколкуте градови во северозападниот дел на земјата (Тетово, Гостивар и Куманово), како и Охрид, веќе долги години се влезени во процес на непланска изградба, пренаселеност, сообраќаен метеж, енергетска нестабилност, бизниси кои на долгорочен план се неодржливи, проблематично и нерешено справување со отпадот и несоодветно менаџирање со водата, водните ресурси и отпадните води. Од друга страна, останатите градови во Република Македонија се соочуваат со долгогодишен процес на иселување предизвикано од запуштени стопански капацитети, лоша патна поврзаност и речиси никакви инвестиции во економијата со години station.

Поради овие причини ДОМ вели:

**СТОП за урбаната мафија, СТАРТ на зелените градови**

## Приоритети

За надминување на ваквата состојба, ДОМ цврсто стои зад ПРОЦЕДУРАТА како најдемократска форма и ќе се заложи за остварување на следниве политички цели:

- Професионализација на просторното планирање и урбанизмот;
- Примена на одржливи методи во урбанизацијата, наместо ад хок решенија;
- Запазување на хуманите параметри за умерена изграденост и квалитетно живеење;
- Институционална заштита на зеленилото преку редица нови и измени на постојни закони од просторно и урбано планирање и градење;
- Транспарентност при изработката и усвојувањето на урбанистичките планови, со задолжителна согласност на жителите.

Животната средина во градовите е директно поврзана со процесот на урбано планирање, а тоа е поврзано со заштита на зеленилото. Затоа ДОМ останува на заложбата за носење на **Законот за урбано зеленило**, за кој се бори 5 години, кој е 3 пати поднесен од пратеничката на ДОМ и одбиен од владејачкото мнозинство. Законот е подготвен од Комисијата за екологија на ДОМ и стручни лица од институциите и граѓанскиот сектор (глава 1.2.).

## Мерки

**Урбанизам по мерка на луѓето и институционална заштита на зеленилото**

- Донесување **нов Закон за просторно и урбанистичко планирање** темелен на современите текови и трендови, а усогласен со европските позитивни законски решенија од оваа суптилна област на човековото живеење. Тоа би бил квалитативен исчекор кон сочувување на просторните ресурси на државата со цел да се запрат тековните узурпации во интерес на поединци, а на сметка на здравјето и квалитетот на живот на граѓаните;
- **Законско регулирање на стандардите за урбанистичко планирање**, кои се сега сместени во **Правилник** и се дискреционо право на Министерот;
- Измени на **Законот за градење** со прецизирање на правата и обврските на работодавците и работниците, но и избегнување на појавата на т.н. „човек-фирми“ без капацитет за изведба на сериозни проекти;
- Донесување на **Закон за градски архитект** кој заедно со советот на архитекти би го департизирал урбанизмот во градовите;
- Зголемување на процентот на јавни простори како плоштади, паркови, места за собирање и прошетки;
- Креирање политики за зголемување на зеленилото до 25 $м^2$ по жител;
- Понуда на **вистински социјални станови** за најзагрозените групи;
- Законска обврска за примена на еколошки сертифицирани градежни материјали;
- Законско обврска за инвеститорите при градба на објекти во густи станбено-деловни зони, една третина од вкупниот износ на инвестицијата да се намени за создавање ново градско зеленило;
- Создавање услови и инфраструктура за **зелен транспорт**, како трајно и одржливо решение за квалитетен живот во урбаните центри.

## Проекти

- **Велосипедски и пешачки патеки со фото-волтаични панели** со систем за користење на кинетичката енергија од корисниците за осветлување на патеката и за пренесување на електричната мрежа;
- **Велосипедски и пешачки патеки со флуоресцентни материјали** за осветлување;
- **Зелени кровни градини** на објекти во густите градски подрачја, со бенефиции за инвеститори кои ќе ги вклучат во проектот;
- **Урбани градски градини** - одгледување растенија и зеленчук од страна на граѓаните, со субвенции од општината и државата;
- **Запуштените простори - нови градски јадра** за пренамена во скејтерски, спортски или уметнички паркови, или пак мини-фарми за одгледување зеленчук;
- **Герила градини** - мобилни градини во мали мобилни предмети;
- **Стан за 1 евро/м²** - станови за лица со нерешено станбено прашање.

# 1.4. СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

## Состојби

Спортот има значајна и благородна улога во секое општество затоа што во најголема мера придонесува за социјализација и социјална кохезија, за надминување на предрасудите, за зголемување на позитивното влијание врз луѓето и за подобрување на нивното здравје и на нивната психо-физичка стабилност.

Современиот спорт претставува значаен сегмент на секое модерно граѓанско општество и е негова своевидна движечка сила. Во Република Македонија спортот кај младите се негува но секогаш има простор и можности тој да се развива и унапредува, без оглед на етничката, верската, сексуалната и друга општествена определа. Спотртот ги поврзува единките, семејствата и заедниците во Република Македонија.

Во таа насока е и нашата визија за збогатување на животот на секој граѓанин на Република Македонија, нивно мотивирање за секојдневна рекреација и спорт, обезбедување на поголемо учество и пристап до сите спортски и рекреативни активности, како и поддршка во оспособување и создавање на нови спортско-рекреативни капацитети.

Наша цел е и воспоставување и имплементирање на одржлив спортски систем на сите нивоа во земјава, за да се привлечат повеќе млади да се занимаваат со спорт, а повозрасните со спортско-рекреативни активности, со што истовремено би се водело грижа и за создавање професионални спортисти и би се подобрувало нивото на развиеност на било кој спорт и би се достигнала соодветна спортска афирмација на поединци, на колективи и на државата воопшто.

## Приоритети

- Развивање и подобрување на капацитетите на сите чинители во спортот и континуирана работа врз развојот на спортот,
- Реновирање и изградба на спортски центри и на спортска инфраструктура онаму каде што таа недостасува,
- Вклучување на се повеќе жени во системот на раководење со спортските организации и здруженија,
- Поддршка на масовноста во спортот и обезбедување на слободен пристап до спортско- рекреативните содржини,
- Помасовно учество на лицата со инвалидитет и на лицата со посебни потреби во врвните спортови и во системот на рекреативното вежбање,
- Зголемување на финансиските средства и обезбедување на транпарентна финансиска поддршка на спортските центри и на спортските организации,
- Насочување на повеќе буџетски средства во спортско-рекреативните организации и здруженија, донесување јасни критериуми и законски прописи во делот на транспарентното финансирање на спортот,
- Воспоставување поефикасен систем на оддржливост на спортските организации и здруженија преку унапредување и јакнење на партнерството помеѓу спортскиот и бизнис секторот,

- Заложби за намалување на негативните појави во спортот, негово поврзување со туризмот и живнотната средина, како и обезбедување на интерконекцијата на науката и спортот,
- Заедничко залагање со медиумите и водење кампања за промоција на вистинските вредности на спортот, приближување на значењето и придобивките од него до сите граѓани на Република Македонија.

# 2. ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА И ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА

## ЕКОНОМСКАТА ИДНИНА Е ЗЕЛЕНА!

### Состојби

Со 21-от век започнува ерата на зелената економија. Развојот веќе се мери со степенот на примена на обновливи извори на енергија. При создавањето на еден производ или услуга основна цел е заштедата, односно употребата на што помалку енергија и ресурси. Најголемиот предизвик на економските политики во светот претставува транзицијата кон економски систем кој е **одржлив, еколошки остварлив и овозможува социјална еднаквост.**

Економијата треба да се стреми кон еднаков квалитет на живот, во денешницата, но и во иднината. Тоа значи: економски (производни и парични) текови кои почнуваат и завршуваат со екологијата како водечки параметар. Во таквата економија, ресурсите и енергијата се користат економично и ефикасно, и така имаме одржлива и конкурентна економија на долг рок. Еден пример за постигнување на ваквата долгорочна цел е замената на што поголем дел од увозот на производите кои имаат големи транспортни трошоци со домашни локално произведени добра.

Во светот имаме **револуција на ефикасноста**. Со фокус на заштита на ресурсите и на еколошката ефикасност треба да се насочиме кон она што е најважно за еколошката модернизација: широка примена на еколошки стандарди во производството и менаџментот, како и широка примена на технологии компатибилни со животната средина, со тоа ќе се намалат потребите за енергија, ресурси и простор. Заштитата на животната средина значи употреба на што помалку енергија и материјали. Зголемената ефикасност во искористеноста на материјалите, значи, и намалени трошоци, а со тоа и поголема економска предност. Што помалку ресурси се искористени за еден производ или услуга, толку е помала неговата цена на чинење.

Република Македонија се обврза да ги исполнува обврските од Парискиот климатски самит, а за тоа е потребно преструктурирање на македонското стопанство кон зелена економија која значи напуштање на фосилните горива и примена и свртување кон обновливи енергии и енергетска ефикасност.

Нашата економија треба да еволуира во еколошка и социјална пазарна економија. Тоа се постигнува со рамнотежа помеѓу **економската динамика**, од една страна, и **заштитата на животната средина и социјалната заштита** од друга страна. Еколошката и социјалната пазарна економија е ориентирана кон општеството, и таа е комплетна спротивност на економијата каде единствената цел е максимизирањето на приватниот профит.

Бруто домашниот производ не треба да биде единствениот критериум и мерило за просперитетот. Наместо тоа, равенството треба да се постави помеѓу искористените природни ресурси (животната средина) и економските ефекти, вклучувајќи ги тука и настанатите еколошки трошоци.

Зелената економија треба да преземе интервенции за ублажување на последиците предизвикани врз природните ресурси и тоа во:

- енергетиката,
- справување со отпадните води,
- биодиверзитетот и користењето на земјата како ресурс,
- справувањето со хемиските супстанци, отровните материи и тешките метали,
- загадувањето на воздухот,
- управување со отпадот,
- намалувањето на влијанијата врз озонската обвивка.

**Приоритети за кои се залага ДОМ:**

- Долгорочна стратегија за одржливо производство и создавање потрошувачки навики ослободени од емисија на стакленички гасови и останати штетни материи по здравјето на луѓето и животната средина,
- Намалување на постојниот јаз во однос на ЕУ и развиените земји во однос на енергетиката и производството на фабрикати и полуфабрикати, базирано на одржливиот развој,
- Зголемување на ефикасноста на ресурсите во индустријата и инфраструктурата, во комбинација со националните фондови (Фонд за животна средина и енергетска ефикасност) и фондовите на ЕУ,
- Зголемување на способноста на македонските мали и средни претпријатија (МСП) за справување со поставените предизвици и нивна зголемена конкурентност во однос на земјите од регионот,

- Формирање на **специјален финансиски механизам**, наменет за МСП, а со цел трансформација од постоечкиот начин на економско функционирање кон озеленување на производството и услугите,
- Креирање Национална стратегија за озеленување на економијата базирана врз принципите на одржливиот развој,
- Политики за поддршка на еко-иновативен пристап во индустријата.

Во ДОМ сме свесни дека процесот на реализација ќе биде долг и макотрпен. Тој процес бара координираност помеѓу централната и локалната власт, приватниот и јавниот сектор, бизнисот и науката, државата и граѓаните, за да се реализираат следниве **заложби**:

- **Сончева револуција** - масовно користење на сончева енергија - на секој дом, јавен и приватен објект панели за топла вода и фотоволтаици за производство на енергија.
- Максимално користење на другите обновливи извори на енергија: ветер, геотерми, биомаса;
- Масовно изолирање на стари и нови приватни и јавни објекти за заштеда на енергија и пониски сметки за струја;
- Стимулација на заедниците на станари за реализиција на проекти за енергетска ефикасност на згради;
- Зголемување на одржливиот транспорт, кој вклучува брз железнички и автобуски превоз и употреба на возила со намалено влијание врз животната средина;
- Соларни панели покрај патиштата и на самите патишта;
- Зацврстување на националната еколошка инфраструктура (питка вода, шуми, почви, воздух, биодиверзитет);
- Поддршка на одржливото земјоделство, особено на органското производство;
- Поддршка на одржлив туризам на целата територија на Република Македонија;
- Управување со отпадот и отпадните материјали со максимална искористеност и негово рециклирање.

**Затоа предлагаме инвестиции, мерки и активности во**:

- Полесен пристап до финансии за бизниси кои ги намалуваат или минимизираат штетните влијанија врз животната средина (поедноставни процедури за добивање долгорочни кредити

со ниска каматна стапка, поволен грејс период, поедноставни критериуми за добивање кредити, предност во добивањето на работа на локално ниво);

- Намалување на административните пречки за претпријатијата и поголема промоција на еко-претприемништвото, особено во руралните средини;
- Еднаков пристап и можности за домашните инвеститори, во слободните економски зони. Првенство ќе им биде давано на инвестиции во зелената економија;
- Зголемување на јавните работи, со цел реставрација и конзервација на животната средина или подобрување на инфраструктурата на национално и локално ниво, со вработување на определено и/или неопределено време, во зависност од потребите на јавната работа;
- Создавање на стимулативна рамка за развој и јакнење на облици на економска демократија – задругарство, социјално претприемништво, работничко акционерство;
- Зголемување на инвестициите за енергетската безбедност на регионално ниво и промоција на независни енергетски субјекти;
- Зголемување на енергетската ефикасност во градежништвото, со воспоставување критериуми за градба и материјали за градба, односно промоција на зелено градежништво, во јавните објекти низ државата (училишта, градинки, универзитети, болници, административни згради), како и при изградбата на индивидуални и колективни станбени објекти;
- Стимулации за развој на зелени производи и услуги на МСП;
- Стимулации за иновации и употреба на чисти технологии на МСП;
- Намалување на даночните обврски за МСП кои со свои средства повеле иницијатива и покажале резултати во озеленување на своето економско дејствување;
- Инвестиции во истражувачко-развојни дејности, иновации, образование;
- Воспоставување на фер работни односи и преземање на гаранции од државата за неисплатен работнички труд;
- Фокусирање на одржливи зелени технологии;
- Иницијативи за отварање нови зелени работни места, кои ќе ги вклучат нискоквалификуваните работници, стажистите,

маргинализираните групи, нивна обука и намалување на социјалната зависност.

## Зелени финансиски инструменти

### СКАЛЕСТО ОДАНОЧУВАЊЕ

ДОМ се залага персоналниот данок да биде скалесто поставен согласно нивото на примањата структурирани во прогресивниот персонален данок во 3 групи согласно со висината на приходите. Намалената даночна основа ќе гарантира намален даночен опфат на семејставата каде приходот од плата е низок. Со оваа мерка ќе се создадат услови за поголема социјална еднаквост меѓу населението.

### РАЗВОЈ НА МАЛИ БИЗНИСИ

Македонските сопственици на мали бизниси и претприемачите, а особено start up компаниите ќе бидат потпомогнати за да се креираат локални зелени работни места и да се ревитализираат локалните економии кои се главен двигател на економијата. Ним ќе им се создадат услови и можности за користење на меѓународни финансиски фондови за развој на зелени технологии и пробив на меѓународните пазари.

Државата преку банките ќе обезбедени државни гаранции во износ од 50% за финансирање на компании во ран стадиум. Со тоа преку банките ќе се овозможи критична анализа на добрите проекти, но и поголема сигурност за нивно финансирање а со тоа нови иновативни технологии, одржлив раст на економијата и создавање на нови зелени работни места.

### ЕКОНОМИЈА И ЕКОЛОГИЈА

ДОМ нуди дополнителни инструменти на финансирање за реновирање на домовите и индустриските објекти и да ги направат истите поефикасни и достапни со инсталирање на изолација со висока ефикасност, соларно греење и електрична енергија, енергетски ефикасен апарати и опрема, како и надградба на пристапноста. Покрај нова армија од столари, електричари и изведувачи на застарени објекти – училишта, универзитети и болници, истото ќе придонесе за намалување на емисиите на јаглерод диоксид на национално ниво и директно намалување на ресурсите и трошоците. Конечно, со директно вклучување на ресурсите на владата во истражување поддржано од најновите трендови на биотехнологијата и енергетски интензивно земјоделство кон создавање на органски и одржливо производство на храна, каде новите поефикасни земјо-

делски практики докажано имаат поврат на инвестициите за период од 5 години, но и дополнителен позитивен ефект врз животната средина.

**СОЦИЈАЛНА И ЕКОЛОШКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА КОМПАНИИТЕ**

Компаниите ќе имаат јавна обврска на транспарентен начин, меѓу другото, да ги обелоденуваат податоците и за својата социјална одговорност, влијанието на животната средина и условите за работниците.

## Воведување прогресивна казнена политика за деловните субјекти

**ЕТИЧКО БАНКАРСТВО**

ДОМ нуди финансиски инструмент со кој банките ќе бидат обврзани на општествено одговорно и еколошки одговорно банкарство. Целта е 1-2% од пласманот на средства да биде наменет за одржливиот развој и креирање одржлив раст, за следното:

- Финансирање инвестиции за поширока примена на енергетската ефикасност,
- Поддршка на одржливо локално земјоделско производство,
- Поголема поддршка на start up компании кои работат на иновации, развој на технологии, информатичко-технолошки развој, креативни индустрии, енергетика и енергетска ефикасност, одржливо земјоделство, одржлив туризам, заштита и унапредување на животната средина;
- Обезбедување финансиска инклузија на субјекти кои имаат ограничен пристап до финансиски средства;
- Да се создаде платформа преку соработка на приватниот сектор, јавниот сектор, невладините организации, со имплементирање на повеќе јавни-приватни партнерства;
- Вклучување во борбата против климатските промени.

**Економскиот развој ќе биде овозможен преку три главни фактори:**

- Зголемување на агрегатната побарувачка преку зголемување на вработеноста и континуиран раст на платите,
- Зголемување на агрегатната понуда (продуктивноста) преку инвестиции во нови технологии од домашни и странски инвестиции и

- Намалени каматни стапки за кредити преку субвенционирање од Државен фонд наменет за економски развој, кои ќе придонесат за поекономично работење и зголемени инвестиции на домашното стопанство.

## Зелени работни места

Зелените работни места ги има во оние активности во земјоделството, производството, градежништвото, туризмот, истражувањето и административните услуги, кои придонесуваат да се зачува или обнови квалитетот на животната средина. Меѓу другото, тие ги вклучуваат работните места кои помагаат за заштита на екосистемите и биодиверзитетот; намалување на користење на енергијата, материјалите и потрошувачката на вода преку високоефикасни стратегии; дејаглеродизација на економијата, и нивно минимизирање или избегнување на сите форми на отпад и загадување.

Генерално, зелените вработувања ќе бидат постигнати на најмалку четири начини со трансформација на економијата кон поголема одржливост:

- Со креирањето нови работни места во производствените процеси кои ја загадуваат животната средина, како дополнување и инсталација на опрема за намалување и/или запирање на загадувањето;
- Со замена на некои работни места со други, на пример, во преминувањето од користењето на фосилните горива кон обновливите; од камионскиот превоз со железнички, или со замена на депонирањето и согорувањето на отпадот со рециклирање;
- Со доквалификација на одредени работници за веќе постоечки работни места (водоводџии, електричари, металски, градежни работници) преку кратки обуки, методи на работа и профилирање за извршување зелени работни задачи;
- Со креирање нови работни профили и низ образовниот систем, тренинзи организирани од работодавачите, самостојни обуки и тренинзи за полесно самовработување.

Зелените работни места подразбираат широк спектар на вештини, образовна основа и професионални профили, кои се неопходни за развој на зелената економија. Ова особено важи за т.н. индиректни работни места, особено во оние од дистрибутивните индустрии.

Новиот потенцијал се новите индустрии, како ветерната и сончевата енергија, каде синџирот на набавка главно во традиционалните индустрии ја имаа клучната улога. На пример, големи количини на челик се потребни за столбот и ветерната турбина; или стаклото како основа за соларните системи.

Технолошките и системските можности нудат различни степени на придобивки за животната средина и различни категории на зелени вработувања.

Поголемата ефикасност во користењето на енергијата, водата и материјалите е основна цел. Но исто така и искористување на најдобрата достапна технологија и најдобрите практики на светско ниво заради вклучување на Македонија во технолошкиот напредок. Ова самото по себе укажува дека зелените работни места се многу динамичен концепт.

**ДОМ предлага стратегија која има предвид дека озеленувањето на економијата ја вклучува во себе и цената на животната средина**, односно цената на енергијата и материјалите, социјалните потреби на луѓето и општеството, со цел да се напуштат неодржливите навики на производството и потрошувачката. Во основа тоа е дијаметрално спротивно со современите стратегии на компаниите кои се во натпревар по максимално исцрпување на материјалите и енергијата по најниска можна цена, најчесто врз грбот на најзагрозените подрачја од кои се црпат материјалите, и социјално најзагрозени лица, нудејќи најефтини цени, заборавајќи на квалитетот, а притоа максимално занемарувајќи го трудот кој го вложиле работниците, нудејќи им минимални плати. Затоа зелената економија треба да создаде економија која веродостојно ќе ги вреднува природата и луѓето.

## Политики за креирање „зелени работни места“

За креирање на зелени работни места ДОМ пред сè се залага за политики кои ќе помогнат во поставувањето на инфраструктурата за бизнис секторот и креирање на можности за работа на сите претпријатија. Главните политики вклучуваат:

- **Исполнување на обврските од Парискиот климатски самит** и преструктурирање на македонското стопанство кон зелена економија со напуштање на фосилните горива и свртување кон обновливи енергии и енергетска ефикасност;
- **Субвенции**. Почетно намалување до конечно запирање на субвенциите за индустриите кои имаат штетни влијанија врз

животната средина и пренасочување на средствата кон индустриите кои работат или преземаат активности за користење на обновливите извори на енергија, ефикасните технологии, чистите методи за производство и јавниот транспорт.

- **Јаглероден пазар**. Вклучување на Македонија во тековниот пазар на јаглеродна трговија и имплементација на Механизмот за чист развој, за да може тоа да биде сигурен и соодветен начин на финансирање на проекти за озеленување на економијата и креирање зелени работни места.
- **Даночни реформи**. Воспоставување на поголем опсег на еколошки даноци и нивно зголемување како во европските земји, и нивна поширока примена. Еко-даночните приходи можат да го олеснат даночниот товар врз трудот на работниците и воедно да дејствуваат обесхрабрувачки врз загадувачките економски активности, а стимулативно врз зелената економија.
- **Поставување цели и озаконување.** Воспоставување на регулаторни алатки кои ќе се користат за развивање на позелени технологии, производи и услуги, а со тоа и на зелени работни места. Ова вклучува политики за употреба на земјиштето, стандарди за енергетска ефикасност (за електричните апарати, возила итн.), закони за градба, и поставување цели за производство на обновлива енергија.
- **Енергетска алтернатива**. Носење закони за надминување на бариерите за развој и искористување на обновливите енергии и подобрување на законските решенија за обезбедување на внесување енергија во електричната мрежа (од страна на домаќинствата и претпријатијата) со гарантирани цени.
- **Повраток на производ**. Усвојување на закон за „проширена одговорност на производителите“, кој ќе предвидува претпријатијата да ги преземат сопствените производи по нивното искористување (апарати, пакувања, опрема) и ќе се однесува на сите производи, независно дали се од домашно или странско произвоство. Бенефитот е двоен – намалување на отпадот и добивање суровини кои со рециклирање можат повторно да се искористат.
- **Еко етикетирање**. Воведување на еко-етикети за сите потрошувачки производи, за да се обезбеди правото на потрошувачите за пристап до информации и носење одговорна одлука за користење на производ подложен на рециклирање. Со ова би се поттикнале производителите да произведуваат и дизајнираат за пазарот повеќе еко-пријателски производи.

- **Буџет наменет за истражувачко-развојни активности**. Обезбедување поголема финансиска поддршка на научните и истражувачките активности, кои се наменети за технолошки развој, а се во насока на модернизирање и озеленување на технолошко-производствените процеси, ефикасноста на технологиите, употребата на иновативни начини на добивање и користење енергија, а се преземени самоиницијативно од претпријатијата или во соработка со научните институти, научните развојни центри, лаборатории.
- **Меѓународна соработка и пробив на меѓународните пазари**. Засилување и интензивирање на меѓународната соработка на македонските претпријатија, со креирање предуслови за трансфер на технологии и владина поддршка на претпријатија со нагласена зелена економска активност, во однос на извозот на производството. Користење на меѓународните финансиски инструменти за озеленување на економијата.

## 2.1. ЕКО-ТУРИЗАМ

### Состојби

Туризмот е еден од приоритетите на ДОМ од самото негово основање.

ДОМ како зелена партија се залага за запазување на стандардите за заштита и зачувување на животната средина и смета дека со развојот туризмот треба да се обезбеди зачувувањето на природниот, културниот и духовниот амбиент, а не, како што се случува во масовниот туризам, тие да се нарушат за сметка на профитот. Затоа сметаме дека **одржливиот туризам** е врвен приоритет во развојот на туризмот во Република Македонија, без оглед за кој тип туризам станува збор.

**Одржлив туризам** е секој вид туризам кој нема да ја наруши животната средина туку ќе ја унапреди, кој ќе ги зачува и истакне автохтоните вредности на секое подрачје во Македонија: архитектурата, пејзажот, музиката, храната, занаетите, обичаите, танците.., сето она што нашите туристички дестинации ги прави различни од сите други. Руралниот, културниот, здравствениот, спа, рекреативниот туризам се гранките на туризмот за кои Македонија има огромни потенцијали.

Република Македонија ги има сите природни и културолошки услови за развој на еко-туризмот. Со оглед на големината на територијата и на природните услови (3 големи природни езера, повеќе вештачки, реки, планински врвови над 2000 м, неколку ски центри, полунапуштени села, археолошки локалитети, како и бројни цркви и манастири), еко-туризмот е единствен соодветен вид на туризам во кој ДОМ ја гледа иднината на оваа стопанска гранка. Таа има висок потенцијал за обезбедување на зелени работни места (самовработување и вработување), за зачувување и унапредување на животната средина и културното наследство во локалните заедници и со тоа да им донесе економски развој.

Во изминатите десет години интензивно работевме на реализацијата на нашите заложби за туризмот и ефектите се денес повеќе од очигледни: интересот на странските туристи е значително зголемен; зголемен е интересот на домашните и странските субјекти за инвестирање во туризмот; туристичката понуда полека но сигурно се шири, а локалните самоуправи во досега запоставените региони ја гледаат иднината во развојот на туризмот.

## Приоритети

- **Проширување на Министерството за животна средина и просторно планирање со под-ресор за еко-туризам.**
  На иницијатива на ДОМ во 2008 година Владата на РМ ја основа Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, но таа се покажа како недоволна за суштински поттик на неговиот развој. Затоа сметаме дека туризмот, наместо во Министерството за економија треба да стане под-ресор на МЗЖСПП.

  Овој под-ресор би предлагал мерки за развој на сите видови на одржлив туризам. Со диверзификација на туристичката понуда ќе се намали разликата во развојот на туризмот помеѓу помалку и повеќе развиените подрачја во државата. Под-ресорот исто така би предлагал законски измени и дополнувања, како и донесување нови закони за туристичката дејност кои би овозможиле подобрување на квалитетот на услугите, осовременување на туристичката понуда и поефикасно функционирање на субјектите во туризмот. Под-ресорот треба да ги следи и по потреба да учествува во изработката на развојните планови, програми и проекти на локалната и регионалната самоуправа. Под-ресорот за туризам би предлагал и измени и дополнувања во Законот за средно и високо образование во туризмот и угостителството.

- **Поволни услови за развој на еко-туризмот**
  Под поволни услови за странски и домашни инвестиции во туристичкиот бизнис подразбираме овозможување на повеќе мали стопанственици да инвестираат во туризмот, особено во руралните подрачја.

  Бенефициите се:

  - Поволни банкарски кредити за почетни бизниси во туризмот со поголем грејс-период и со помали каматни стапки,
  - Прецизирање и суштинско поедноставување на постапките и условите за странски и домашни инвестиции,
  - Силна поддршка за забрзан развој на одржливиот туризам преку програма за поддршка и распределба на наменски средства,
  - Користење на предпристапни фондови од ЕУ, и од други меѓународни фондации.

## Утврдување на стратегиски приоритети на македонскиот туризам

- Трајна заштита и почитување на високите еколошки стандарди, како и долгорочна валоризација на туристичкиот потенцијал,
- Имплементирање на Законот за просторен план за развој на македонскиот туризам со намера за зачувување на атрактивните природни ресурси,
- Континуирана активност на државно ниво за чиста Македонија (почва, воздух, води, менаџирање со сите видови отпад),
- Уредување на сопственичките односи и ставање во функција на детските одморалишта и планинарските домови,
- Изградба на сообраќајна инфраструктура и оптимална организација на сообраќајот, како и подигнување на квалитетот на придружните содржини на сообраќајните правци и терминали,
- Развој и осовременување на туристичкиот производ,
- Донесување на закон за професионални водички служби во планина, пештера и под вода,
- Итно донесување на закон за Спасителска служба која би функционирала во составот на МВР, нејзина обука и опремување со соодветни средства,
- Развивање на транзитниот туризам и создавање услови за негово максимално искористување,

- Политики за развој на агритуризмот, кој е туризам со мал обем, но ориентиран кон човекот. Агритуризмот овозможува автентични активности во земјоделието, сточарството, винарските визби, бербата на грозје итн., што е хит во светот.
- Политики и законски рамки за промоција и поддршка во управувањето со и одгледувањето на дивиот животински свет, без штетни еколошки ефекти,
- Политики за проширување на можностите за развој на планинските економии, вклучително и туризмот, а во согласност со програмите за интегрирано управување со планинските области,
- Промоција на активности кои генерираат приходи од одржлив туризам: риболовот, собирањето плодови и лековити билки, заштита на традиционалните гастрономски и културни вредности, како и подобрување на инфраструктурата и подобар пристап до социјалните услуги,
- Поинтензивен развој на селскиот туризам,
- Рамномерен развој на туризмот на целата територија на Македонија со отворање на регионални центри кои ќе ги креираат програмите за развој на формите на туризмот карактеристични за дадениот регион,
- Отворање на регионални центри за обука на локалното население како да создадат и понудат атрактивен туристички производ,
- Едукација на сите нивоа во туризмот, од менаџментот, преку сите вработени во туризмот, до локалното население кое сака да се вклучи во туристичката дејност,
- Подигнување на нивото на квалитетот на сите сместувачки капацитети и нивно приспособување на меѓународните стандарди на квалитет,
- Креирање програми за создавање хотелско-сместувачки капацитети кои би станале бренд во еко-туризмот,
- Развивање е-маркетинг,
- Мерки за промотивни активности и начини за привлекување на туристите,
- Интензивирање на соработката со дијаспората и привлекување на организирани групи туристи и инвеститори од дијаспората.

## Мерки за развој на еко-туризмот

- Одржување на **чистотата во градовите и селата**, чистење на дивите депонии и целосно функционирање на легалните депонии,
- Одржување на постоечкото **зеленило** и оформување на нови зелени простори (пошумување, тревници, паркови, дрвореди),
- **Мапирање на објектите** од интерес за туристите,
- Утврдување на **календарот на културни, забавни и спортски настани**,
- **Висок степен на организирање на настаните** кои би ја истакнувале нашата култура и традиција привлечни за туристи од секој аспект:
  - **Регулирање на сообраќајот –** поставување табли и јасни патокази за битните туристички места; јавен и такси превоз до позначајните туристички атракции; обезбедување услови за возење и изнајмување велосипеди во градовите, создавање мрежа на велосипедски и планински патеки, нивно мапирање и креирање е-водич за нив,
  - **Грижа за безбедноста на туристите –** во соработка со безбедносните и социјалните служби да се преземат мерки кои ќе осигураат безбедност на туристите на највисоко ниво во текот на престојот во нашата земја.
- **Развој на сместувачките капацитети –** инвестиции во авто кампови, мотели, хотели, апартмани и други типови на сместувачки капацитети низ целата земја каде за тоа постојат услови; спроведување на прописите за категоризација на сместувачките објекти; стимулирање на угостителските објекти кои нудат традиционална домашна храна и пијалоци; стимулирање на приватната иницијатива за производство на традиционални производи и за традиционалните занаети.
- **Локална Стратегија за развој на еко-туризмот –** утврдување на туристичките теми во кои имаат или може да имаат конкурентна предност, соработка на соседните општини за развој на регионални туристички производи; основање на туристички информативни центри со обучен кадар кои навистина ќе работат; атрактивни промотивни материјали за туристичките дестинации на одбраните туристички теми.
- **Едукација на локалното население за еко-туризмот** за принципите на еко туризмот и придобивките од неговиот развој; за зачувување, негување и промовирање на

традиционалните вредности; стручна помош за изготвување и реализирање на бизнис планови.

## Проекти

- Едукативни работилници на различни теми за обука на локалното население
- Креирање на туристички тури и програми за посети на локалните атракции
- Иницијативи за изградба на по едно еко-етно село во секој од планските региони на РМ
- Развој на мрежата на планинарски патеки
- Стари занаети за новото време.

# 2.2. ЕКО-ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ЗДРАВА ХРАНА

## Состојби

Во земјоделството, заради се поголемата потреба од храна, се употребуваат интензивни земјоделски методи за производство на растителни и животински култури. Модерното индустриско земјоделство употребува пестициди, ѓубрива и хормони за раст кај животните, кое ги зголемува приносите, но од друга страна тоа покренува прашања во врска со здравјето на луѓето и почвите.

ДОМ смета дека сегашните интензивни земјоделски практики треба да се заменат со позелени земјоделски методи. Тоа предвидува изградба на одржливо земјоделство и сточарство кое ќе произведува сезонска, здрава и локална храна. Преку зеленото земјоделство ќе се обезбедат голем број на квалитетни зелени работни места. Глобалната трговија со прехрамбени производи, користејќи ги политиките за безбедност на храната, предизвика масовно затворање на малите локални преработувачки капацитети. Сега имаме здравствено исправни производи со непознато потекло, полни со адитиви и емулгатори, засилувачи на вкус, со неограничен рок на траење. А тврдиме дека се грижиме за здравјето на потрошувачите.

Субвенциите моментално се исплаќаат по единица површина, независно од тоа колку од таа површина ке се добие принос, така да имаме земјоделци кои само пријавуваат и добиваат субвенции, а приносот по единица површина ни опаѓа. Субвенциите треба да се поврзат со минимален принос во интерес на сите.

## Приоритети

- Посилна поддршка на руралниот развој, на еко-земјоделието и на здравата храна;
- Аграрна и рурална политика за производство на храна која ќе придонесе во заштитата на животната средина и создавање услови за развој на фер трговија,
- Општински среднорочни планови за развој на земјоделско производство во насока на зголемување на одржливо производство на храна, нови вработувања и обновување на селата,
- Иницијативи за преминување од интензивното небезбедно земјоделство кон безбедно и органско земјоделство со примена на научни методи,
- Искористување на земјоделската биомаса како обновлив извор на енергија (слама, лозови резници, отпадоци од овошни дрвја, оризова арпа, арско ѓубре за биогас и друго).
- Директно поврзување на производителите со потрошувачите преку поставување на договорно производство, посебно на локални органски производи со потврдени вредности. Примерот на задолжителна употреба на органски производи и здраво приготвена храна во исхраната на најмладата популација во градинки, школи, интернати и болници, во некои европски земји ја потврдија загриженоста за здравјето на идните генерации,
- Нивото на субвенции да остане исто како и досега, но да биде поврзано со референтен принос по единица површина,
- Субвенции да се исплаќаат само на регистрирани земјоделци и на правни лица на кои земјоделското производство им е основна регистрирана дејност,
- Реонизација на културите и реонизација на сортите - да се исплаќаат субвенции за подигнати насади со маслинки и калинки во Берово и Делчево, каде нема климатски услови за производство на маслинки, или реонизација на сорти, на пример, не ќе може да се исплаќаат субвенции за посадени цреши од сортата Бурлатова рана, во Охрид, која доспева за берба во Мај,
- Да се мапира по земјоделските реони која култура и која сорта ќе се субвенционираат,

- Услов за добивање на субвенции да биде задолжителна едукација на носителите на земјоделското стопанство барем еднаш годишно – едукација за онаа гранка со која се бават,
- Државното земјоделско земјиште да се дава под концесија на жителите на онаа катастарска општина во која што припаѓа катастарската парцела (мерка со која би се избегнало давањето на државно земјиште на сомнителни фирми и ќе се намали иселувањето, а на земјоделците ќе им се овозможи во својата општина да работат и егзистираат),
- Етаблирање на Национална лабораторија за утврдување на квалитетот на млекото (субвенциите за млеко да не се даваат по предадена количина на млеко, квалитетот на млекото да биде параметар за исплаќање на субвенции),
- Во наставните програми во основното и средното образование да се воведат наставни единици за промоција на органското земјоделие,
- Органските производи по дефиниција да бидат застапени во болничките, училишните, средношколските и во кујните на детските градинки, туристички центри задолжително да има ресторани етаблирани за органка храна,
- Донесување на Законска регулатива за навремено плаќање на откупените земјоделски производи од страна на откупувачите и големите трговски синџири
- (Во моментов откупните трговски фирми откупените земјоделски производи ги плаќаат со задоцнување од по неколку месеци, а кога нема да ги платат, останува долгото влечење по судовите, а за тоа време земјоделците буквално остануваат без леб. Бидејќи струја, вода, комуналии, телефон, мора да се платат месец за месец, во спротивно се појавува опасност од присилна наплата),
- Измени во правната регулатива за наследство на земјоделско земјиште. Голем дел од земјоделските површини не се користат заради незавршени наследни постапки кои траат со години и децении. Имено, наследниците не покренуваат постапки за регулирање на наследството – во тој случај државата да ги издава под закуп тие земјоделски површини, а бенефитот ќе биде двоен, и ќе добиеме повеќе земјоделски површини кои ќе се обработуваат, а од друга страна ќе ги мотивираме наследниците да го завршат процесот на наследување,
- Носење Закон за донирање на вишокот храна.

## Проекти

- Сигурно здравје за нашите деца
- Зелени училишни инкубатори
- Озеленување на површини во градовите со цвеќиња и дрвца произведени од страна на децата
- Обновливи извори на енергија за наводнување
- Граѓански еко-зони
- Евтино и свежо од кај комшијата!
- Ремедијација (пречистување) на загадена почва преку земјоделство

# 2.3. ОБНОВЛИВИ ЕНЕРГИИ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

## Состојби

Македонскиот енергетски капацитет главно се базира врз производство на енергија од термоелектрани (над 80%), кои го користат лигнитот како гориво и од хидро-електраните (под 20%). Со години наназад, актуелен е **процесот на гасификација** на државата, но заради гео-политичките состојби овој процес се одвива со големи тешкотии и малку е веројатно дека во догледно време ќе биде спроведен. Воедно, енергетскиот сектор е најголемиот причинител за загадувањето на воздухот во земјата, со над 70% емисии на стакленички гасови.

Поради ова Македонија се наоѓа во критична фаза кога е неопходна транзиција и прилагодување на енергетскиот сектор во насока на економски одржлив енергетски систем, кој ќе обезбеди долгорочно енергија за потребите на населението и индустријата, а воедно потребно е вложување максимален напор и финансиски средства за запирање на загадувањето. Според извршените анализи, на Македонија ќе и бидат потребни околу една милијарда евра за усогласување на енергетските постројки со преземените обврски спрема европските регулативи (десулфуризација, отстранување на прашкастите честички ПМ 10 и ПМ 2,5 и друго).

## Приоритети

ДОМ смета дека енергетската политика треба да се развива интегрирано со заштитата на животната средина. Целите на оваа политика се развој на енергетска независност, односно нејзино редуцирање и поттикнување на сопствени енергетски капацитети на начини со кои би се намалиле емисиите на штетни супстанци во животната средина, како и развивање на енергетски партнерства.

Енергетските цели на ДОМ се во согласност со меѓународните договори и со политиките на Европската унија, почитувајќи ги промените во општествените односи и економските можности на Македонија:

1. Определување за развој на ниско јаглеродна економија – зелена економија и општество во целост;
2. Демократизација на енергетската транзиција со активно учество на граѓаните низ децентрализирано производство на енергија;
3. Остварување на ЕУ целите за 20/20/20 и Глобалниот климатски договор постигнат во Париз во 2015.

## Мерки

Развојот на енергетиката ќе биде базиран на:

1. Почитување на мерките кои ќе обезбедат здрава животна средина за сите граѓани на Македонија;
2. Енергетска независност преку користење и оптимизирање на сопствениот енергетски потенцијал;
3. Развој на академски/образовни институции поврзани со енергетиката;
4. Развој на сопствен човечки потенцијал и креирање високо квалификуван кадар со стекнати потребни вештини;
5. Поттикнување на инвестиции и развој во енергетски иновации, нивна примена и можен извоз на технологии во областа на енергетиката;
6. Развој на енергетската ефикасност. Енергетската ефикасност на прво место – третирање на ЕЕ како засебен извор на енергија;
7. Подобра регулаторна политика во енергетскиот сектор во интерес на граѓаните.

**Политиките на ДОМ во енергетскиот сектор се насочени кон:**

- Ослободување од увоз на енергија (40% од сегашните потреби на земјата, кои сега ги увезува),
- Ревизија на националната стратегија за енергетика,
- Ревизија на енергетското законодавство и законодавството за климатските промени, преку кои ќе се гарантира постигнување на повисок удел на ОИЕ и спроведување на најдобрите практики за нискојаглеродна економија, базирана на минимални емисии на стакленички гасови,
- Формирање Фонд за животна средина и енергетска ефикасност управуван врз професионална основа,
- Ставање акцент на ОИЕ и енергетската ефикасност во домаќинствата и индустријата (особено малите и средните претпријатија),
- Децентрализација на производствените можности за електрична енергија, со цел подобро задоволување на енергетските потреби на земјата приоритетно од семејни, кооперативни и други инсталации, при што инсталирањето на ОИЕ и поврзувањето со енергетскиот систем да биде апсолутен минимум,
- Воведување на стимулации за искористување на органскиот отпад за производство на биогас, биогорива, како и промовирање на компостирањето со цел искористување на овој занемарен ресурс,
- Либерализација на енергетскиот пазар,
- Загарантирано право граѓаните да избираат доставувач на електрична енергија,
- Спроведување на ефективни механизми за зголемување на енергетската ефикасност во индустријата, комерцијални, станбени и административни згради
- Неодложно воведување на енергетски пасош за сите објекти,
- Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за енергетика за спроведување на политиките во областа на ОИЕ и енергетската ефикасност.

## Проекти

- Еколошко прилагодување  на најголемите загадувачи, РЕК Битола и РЕК Осломеј

- Нови  хидроцентрали
- Изградба на соларно-термална централа
- Изградба на ветерни паркови
- Топол дом – чист воздух - масовна инсталација на сончеви колектори во урбаните центри.

## 2.4. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

### Состојби

Во Република Македонија нема ниту една депонија за отпад изградена според стандарди, а создадени се илјадници диви депонии. Дополнително, се генерираат 1,4 тони опасен отпад годишно што се складира на несоодветен начин. Не се познати уште бројките за електронскиот отпад, чие организирано собирање е на самиот почеток.

Во земјава моментално се собира околу 30.000 тони амбалажен отпад годишно, а тоа претставува 35% од количеството што би требало да се собира во 2020 година. Според постоечката легислатива, Република Македонија има за цел да рециклира 60% од отпадот од пакување до 2020 година. **Остварувањето на овие цели и воспоставување на систем за рециклирање ќе отвори нови работни места.** Имено, во Европската Унија се усвојува **пакетот на циркуларна економија,** кој во суштина е **заштеда на ресурси преку рециклирање.** Планот е отворање над 580.000 нови работни места, а до 2030 година да се рециклира 70 % од комуналниот отпад и 80 % од отпадот од пакување. Ваквиот концепт на **НУЛА-отпад** го решава овој еколошки проблем и нуди огромни можности за нови зелени работни места. Компаниите добиваат **нов алтернативен начин да обезбедат ресурси и енергија по пониски цени** и со тоа да ја зголемат нивната конкурентност, а воедно и се намалува побарувачката за скапи и ограничени ресурси.

**ДОМ се залага за:**

- Воспоставување економски инструменти за **да заживее циркуларната економија** како најнов концепт на Европската Унија;
- НУЛА-отпад за современо управување со отпад, изградба на регионални депонии, селекција, рециклирање и преработка на отпадот;

- Носење на НУЛА-отпад стратегија за отпадот во Македонија и поддршка за отворање центри за реупотреба;
- Формирање Фонд за рециклирање за да се создаде функционален систем на селектирање, собирање и рециклирање на комуналниот отпад (пр. Хрватска);
- Зголемен процент на рециклирање на отпадот со што би се зголемиле приходите од продажба на секундарни суровини;
- Носење Закон за донирање на вишокот храна;
- Реструктурирање на јавните комунални претпријатија;
- Воведување кауција при купување пластични шишиња и откуп при враќање на пластични и сстаклени шишиња;
- Основање Центар за управување со опасен отпад, за различни видови третман, депонирање и горење на опасен отпад;
- Компостирање на био-отпад од фармите, со производство на метан;
- Рестартирање на Стакларницата во Скопје со јавно-приватно партнерство (поевтина стаклена амбалажа и можност за нејзино рециклирање).

## Управување со е-отпад

### СОСТОЈБИ

Доколку не се управува правилно и прописно, електронскиот и електричен отпад може да има штетни влијанија и ефекти врз нашето здравје и животната средина. Поради слабата примена на донесениот Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема во Јануари 2012 во Македонија ситуацијата не се промени. ДОМ организира акции за е-отпад низ цела Македонија кои досега се покажаа многу корисни, посебно за правните лица кои без долга процедура се ослободуваат од е-отпадот.

**ДОМ се залага за:**

- Унапредување и подобрување на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, со цел да има поголемо влијание врз граѓаните (правните и физичките лица) во Македонија;
- Секоја општина во Македонија да има за граѓаните познати и видливи локации за одделно собирање на отпадната опрема,

каде што би можеле бесплатно да се ослободат од неа, без да се создаваат диви депонии;

- Поголема контрола на увозот на електронска и електрична опрема во Македонија, во смисла на содржината и опасните супстанции, можноста за рециклирање или повторна употреба, со цел побезбедно користење на опремата и заштита на животната средина;
- Овозможување на соодветен систем за младите луѓе како редовни корисници на електронска опрема.

## 2.5. УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИ

### Состојби

Водите се еден од најважните ресурси за земјата, но и широко поле за инвестиции и отворање нови работни места, при што ефектите од нив треба да бидат во насока на директна заштита на животната средина. Но, управувањето со водите кај нас е стихијно и некоординирано, распарчено помеѓу повеќе министерства, што создава можности за запоставување и злоупотреба.

Оваа состојба се провлекува од осамостојувањето, кога се запушти системот на Водостопанство на Република Македонија, за во еден момент законски да се укине и да „децентрализира“ во локални водни заедници, оставени на управување на неуки лица. По повеќе години агонија и уништување на голем дел од скапоцената документација, во 2014 година формално се возобнови централното Водостопанство, но недостасува организација, кадри и ресурси за нормално функционирање.

Законот за водите ги регулира основните принципи и начела за управување со водните ресурси, а на предлог на ДОМ е донесен во 2010 година. Оригиналната верзија, според европски стандарди, предвидуваше интегриран пристап во управувањето со водите од почетокот на наредната година, со акцент на еколошкиот аспект, поради што водите беа ставени под надлежност на Министерството за животна средина. Тоа значеше дека приоритетите се: заштита на водите, водоснабдување, наводнување, па дури потоа економско искористување. Но овој револуционерен закон не се примени целосно, а по извесно време законот беше изменет и водите беа повторно расфрлени во повеќе институции, со што економскиот аспект го надвладеа еколошкиот и ги загрози еколошките екосистеми.

Во изминативе години се вложуваше несистематично во проекти за вода за пиење, чистење канали за наводнување и за отпадни води, а катастрофалните поплави се последна опомена за сериозен пристап кон ова сериозно прашање. ДОМ уште 2010 година ја поддржа граѓанската иницијатива на НВО Еко-визија и месните заедници на Гази Баба, Илинден и Петровец, за решавање на подземните води. Поведе кампања, ги посети градоначалниците и лобираше за решение. Исходот беа неколку помали зафати, без систематски приод. Во 2014 година ДОМ започна кампања за еколошка безбедност, како брз и спремен одговор на климатските промени. Ги обединивме сите 8 балкански зелени партии во коалиција и организиравме балканска конференција за еколошка безбедност, со поддршка и од Европските зелени. Донесовме важни заклучоци кои беа многу посериозно сфатени и дискутирани во Европскиот парламент, отколку во македонскиот. Притоа ДОМ предложи иницијатива за Европски закон за води.

**ДОМ инсистира на:**

- Носење нов Закон за води со фокус на еколошкиот аспект;
- Носење нова Стратегија за управување со води;
- Капитални проекти за покривање на целата територија на Македонија со вода за пиење, канали за наводнување и одводнување, третман на отпадни води, одржливо користење на водите, со целосна заштита на квалитетот на водите и зачувување на водниот биодиверзитет;
- Да се напушти концептот на тендерско прочистување канали, а тоа да го прават специјализирани водостопански институции;
- Ревизија на концесионерството на езерата и редовна контрола на квалитетот на водите, заради заштита на рибниот фонд од загадување на водите, од дивите сепарации на песок и од рибокрадци;
- Превенција од природни катастрофи и обезбедување еколошка безбедност;
- Вложување во јакнење на институциите, подобрување на инфраструктурата, обука на населението, но и на политичарите за спремен одговор во случај на катастрофи.

# 3. ФУНКЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ДРЖАВА

## 3.1. ПРАВНА ДРЖАВА – ГАРАНТ ЗА ДЕМОКРАТИЈА И СЛОБОДА

Демократијата во основа е доследно почитување и спроведување на законите и на правните норми и регулативи, што му даваат основни насоки за развој на едно цивилизирано општество. Во тој систем се и организирањето и спроведувањето фер и демократски избори преку кои се изразува волјата на граѓаните, потоа јасната поделба на законодавната, извршната и судската власт, со независни тела и механизми за нивна контрола, независни медиуми ослободени од партиски стеги и притисоци, слобода на движење и говор и искажување ставови и борба за нив во рамките на демократските процедури, толеранција и почит на различните мислења и светогледи, елементи кои во последниве години недостасуваа и беа задушувани во Македонија, а се значаен предуслов за градење слободно граѓанско општество.

Република Македонија подолго време се соочува со многубројни проблеми и недостатоци токму во функционирањето на правосудниот систем. На тоа укажуваат и меѓународните извештаи, вклучувајќи ги и оние на Европската унија што се однесуваат на состојбите со човековите права и слободи, подвлекувајќи дека нашето правосудство е главна пречка за целосното остварување на принципот на владеење на правото.

Основниот проблем, пред се, е во нарушувањето на независноста на судството, поточно неговата партизација преку влијанието и мешањето на политичките партии и на извршната власт врз правосудните органи, односно врз кадровските и судските решенија и одлуки. Ваквиот политички притисок во судството, непостоењето на ефикасната правна заштита, како и недоволната стручност и обученост на претставниците на правосудните органи, создаваат негативни последици за граѓаните, за развојот на демократијата и за нашето евро-атлантско интегрирање.

Состојбите во правосудството доведуваат до континуирано повредување на правата и слободите на граѓаните и на начелото за еднаквост пред законите, целосна недоверба на граѓаните во

судството, губење на правната сигурност, непочитување на јавниот интерес и уназадување на процесите на демократизација. Со создавањето на Специјалното јавно обвинителство (СЈО), некои судски процеси почнуваат да добиваат вистински правен третман и поголема транспарентност, но за тоа е потребно и создавање Специјален судски оддел, кој треба да биде составен од судии кои би се посветиле исклучиво на предметите што се во надлежност на СЈО.

**ДОМ смета дека функционална демократска држава подразбира:**

**Правна држава како гарант за демократија и слобода, независни и некорумпирани институции како сервис на граѓаните, професионална и стручна администрација, независни медиуми и еднаков пристап до правдата за сите. Владеењето на правото подразбира остварување на правата за сите, без оглед на нивната политичка, етничка, верска, родова, сексуална и друга определба или припадност.**

Во судскиот систем на Република Македонија, покрај политичкиот притисок и влијание, се детектирани и повеќе проблеми и аномалии кои што ја нагризуваат правдата, го отежнуваат пристапот до неа и создаваат недоверба кај граѓаните во исправноста и во веродостојноста на судските одлуки. Постапките пред судовите често се неоправдано долги, не се почитува принципот на одлучување во разумен рок, процесите се повеќестепени и многу сложени, често процедуралните недоследности во законите се злоупотребуваат и постојат недостатоци при извршувањето на пресудите и низа технички неефикасности. Во Република Македонија судовите се уште се преоптоварени со судски предмети, а начинот на избор на судии, кој најчесто се врши преку Академијата за судии и јавни обвинители, станува се покомлициран и контролиран и е реална пречка за целосна независност на судиите од политичките влијанија и притисоци и за елиминирање на корупцијата.

За да се обезбеди непречено функционирање на независното судство треба да се завршат реформите во судскиот систем кои се однесуваат токму на независноста и непристрасноста во судството и зголемување на неговата ефикасност, како и квалитетна селекција при изборот на судии и нивна постојана обука и стручно усовршување и отстранување на факторите што влијаат врз одложувањето на судските постапки и процеси.

**ДОМ смета дека натамошните реформи во судскиот систем треба да опфатат:**

- Дополнувања на материјалното законодавство за воспоставување нова правна рамка според европските и меѓународните стандарди на признати и заштитени вредности, насочени кон унапредувањето, заштитата и почитувањето на човековите права и слободи, како и врз другите принципи врз кои се заснова едно демократско општество и правна држава.
- Продолжување на процесно законодавство кое треба да обезбеди побрз пристап до правдата преку законско, непристрасно, правично и јавно судење во разумен рок, поточно ефикасно остварување на правдата и правно заснованите интереси на граѓаните и на правните лица.
- Постојано унапредување на состојбите во нашиот правен систем и владеењето на правото, а независното судство треба да биде приоритет во нашата правна држава и да се стремиме кон професионална, непартиска и одговорна судска администрација, што сето заедно претставува значајна основа за развивање на демократијата и на почитувањето на човековите права и слободи.

## Слободна демократија

За оставурање на оваа клучна цел во пракса ќе ги реализираме во целост следниве општи принципи:

- демократизација на земјата со промена на изборниот модел: Македонија како една изборна единица, со отворени листи, со 50% жени и мажи на нив; да престане доминацијата на четири политички партии и зависноста на сите други партии од коалицирањето со нив, за да може да ги реализираат своите програми; за да може секоја партија да настапи сама, со своја програма и свои кандидати, а граѓаните да може да изберат според идеологија и квалитет на програми и кандидати; отворените листи ќе ги демократизираат партиите и ќе создадат силни пратеници и советници, избрани непосредно од граѓаните, со што ќе бидат посамостојни, а не робови на партиите; овој модел е заложба на ДОМ уште од Програмата од 2010, беше предложен повеќе пати во Парламентот и одбиен;
- креирање закони на транспарентен начин, со учество на сите општествено демократски чинители преку јавни дебати;
- примена на така донесените закони подеднакво и правично за сите, така што **никој не е над законот**;

- бескомпромисна борба со корупцијата во сите сегменти од општеството и ослободување на институциите од политичките стеги, а на приватните субјекти од притисоци и рекетирање;
- санкционирање на  каква било тортура врз граѓанин од страна на власта;
- независно функционирање на законодавната, извршната и судската власт;
- еднаков пристап до граѓанска правда, бидејќи судскиот систем треба да биде прифатлив и разбирлив за оние кои го користат;
- посебна заштита на правото на сопственост за секој граѓанин;
- слобода на изразување без казнување;
- трајна поддршка на граѓанските организации од различни области, меѓу кои и оние што вршат сервисни услуги за граѓаните, заради постигнување одржливост на граѓанскиот сектор и негово влијание врз демократските процеси во земјата.

## Правна држава – гарант на демократијата и слободата

Како гарант на демократијата и слободата, правната држава заради реализација на горенаведените општи принципи, ќе ги спроведе следниве реформи:

- реформи на судскиот систем по два основа:
  1. Специјализација на судиите во одредена област,  на начин што по пат на издвојување на одделенијата во граѓанските судови ќе се формира:
     - Стопанско-финансиски суд, кој ќе биде надлежен само за стопанско-правните и финансиско-правните спорни односи,
     - Сопственичко-правен суд, кој ќе биде надлежен само за сопственичко-правни спорни односи.
  2. Специјализација на судиите во одредена област во кривичните судови, на начин што ќе се формираат посебни одделенија за водење на посебни видови на деликти, на пример, одделение за финансиски криминал, за крвни деликти, за имотно-правни деликти и сл.

- реформи при начинот на избор и именување на судии и обвинители, при што гласањето да се врши во парламент, со 2/3 гласови;
- еднакво право на пријавување за избор на судија за секој, на начин што ќе се овозможи лицата со 10-годишно искуство во правото по полагање на правосуден испит да можат да се јават на било кој конкурс за судии; реформирање на улогата на Академијата за судии и јавни обвинители така што ќе претставува институција каде што се врши континуирана годишна обука на судиите во однос на примената на правилата од одредена област, а притоа нема да биде услов за избор на судии;
- зајакнување на соработката меѓу органите за спроведување на законите и на надзорната функција на државата;
- почитување на непристрасниот начин на одлучување во судството заради заштита на владеењето на правото;
- зголемување на одговорноста и санкционирањето на неодговорните лица што ги прекршуваат законите;
- судење на вистинските сторители, а не судење без докази,
- **ревизија на судски случаи за кои има индиции дека се монтирани политички или со коруптивни причини,**
- ревизија на кривичното законодавство, со намалување на можноста за злоупотреби во примената.

## 3.2. КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ

### Состојби

Последниве години во Република Македонија се направија многу „реформски зафати“ со цел образованието да се осовремени и динамизира. Но, некои мерки беа наметнати без доволна анализа и без консултација со наставниците, професорите, учениците и студентите, па предизвикаа масовни изливи на незадоволство и револт. Особено силни реакции имаше на новиот начин на полагање матура, екстерното оценување за учениците и студентите, како и новите критериуми за напредување во стручни и научни звања за наставниците на сите нивоа во образовниот систем.

Особено е критична состојбата во високото образование, каде што преговорите помеѓу студентите, професорите и Министерството

за образование и наука за новиот Закон за високо образование дадоа само делумен резултат. Имено, под притисок на јавноста беше повлечен неприфатливиот закон, но изостана искрен пристап кон барањата на студентите и професорите. Со еден збор, нарушена е автономијата на Универзитетот, што е еден од клучните принципи во секоја демократска држава.

ДОМ, преку Комисијата за наука и МОДОМ, застана против спорниот закон уште пред протестите, барајќи јавно во неколку наврати негово повлекување и разговарање со студентите и професорите. Пратеничката Лилјана Поповска поднесе и голем број амандмани на барање на различни факултетски управи, но ниеден не беше прифатен, по што гласаше против законот.

## Приоритети

- Унапредување на квалитетот на образованието на сите нивоа;
- Подигање на образовното ниво на населението;
- Образование достапно за сите;
- Образование според потребите на пазарот на трудот;
- Доживотно образование;
- Поврзување на формалното, неформалното и информалното образование;
- Обезбедување автономија на Универзитетот;
- Унапредување на образованието преку меѓународна соработка;
- Транспарентен и инклузивен процес на образовни реформи со сите засегнати страни;
- Евалуирање на сите учебници од основно, средно и високо образование, со креирање интегриран систем на образование преку усогласување на наставните планови и програми.
- Промена на системот на екстерно оценување на сите нивоа, исклучиво во функција на анализа и унапредување на образовниот процес;
- Промени во државната матура (збирна на поени од сите предмети и праг на положеност);
- Подобрување на условите во основните и средните училишта (едносменски);
- Јасни критериуми за напредување на наставник во основно и средно образование;

- Јакнење на капацитетот на подрачните единици на МОН, посебно со советници за стручно образование;
- Измени на максималниот број на ученици во парелелка до 24 ученика, за стручно до 15, а за дефицитерни струки до 10;
- Повеќе изборни предмети за сметка на задолжителните;
- Поголемо учество на стопанскиот сектор во креирање на стручни образовни профили;
- Доживотно учење и професионален развој на наставниците;
- Автономност и независност на синдикатите на просветни работници;
- Автономност и независност на ученичките и студентските асоцијации;
- Итна реконструкција на постоечките ученички и студентски домови;
- Зголемување на блок-дотациите за основно и средно образование и трајно решавање на проблемите со огрев и превоз на учениците.

ДОМ се залага за следните **мерки во одделните сегменти и нивоа на образовниот процес:**

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

- Анализа на состојбите со начинот на спроведување на програмите и приемот кај учениците;
- Следење на новините и повратни информации од практичарите.

**ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**

- Обука на наставниот кадар и стручните лица за работа со ученици со ментална попреченост;
- Пристап во училиштата за лица со физичка попреченост;
- Инклузија на ученици со низок степен на ментална попреченост во редовни училишта, со помош од стручни лица;

**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**а) Гимназиско образование**

Во моментот гимназиското образование егзистира со три насоки со по два изборни пакета, со што се намали квалитетот, а бројот ученици варира од 10 до 40. Проектните активности кои се замислени

да го поттикнат креативното мислење, критичкото расудување, инвентивноста, се главно формални, а не суштински. **Предлагаме:**

- Тригодишно задолжително, а четвртата година незадолжителна со минимум 3,5 просек од предходните три години и избор на пакет-предмети во функција на полагање државна матура;
- Окрупнување во две насоки: техничко-природни и општествено-јазични науки;
- По тригодишното гимназиско образование да следи доквалификација, за да се здобијат со потребни знаења и вештини и вклучат на пазарот на трудот.

**б) Стручно образование и обука (СОО)**

Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, со акциски план е денесена 2013 година. Основната платформа на сегашното стручно образование и обука е 4-годишно и 3-годишно техничко стручно образование, додека ССО со 2 години е во фаза на развивање. Пост-средно стручно образование е опфатено со закон, но во практика не заживеа. **Предлагаме:**

- Задолжителна професионална ориентација на секој ученик по завршување на основно образование;
- Ревидирање на број на паралелки од образовни профили со кои пазарот на трудот е заситен;
- Заживување на 2 годишно стручно образование;
- Задолжително 3-годишно со можност за избор на 4 изборни предмети;
- Четвртата година НЕ-задолжителна со минимум 3,0 просек и избор на пакет предмети во функција за полагање на државна матура;
- Стипендии за струки кои се дефицитарни на пазарот на трудот.

**УЧЕБНИЦИ**

Проблемите во учебникарството се провлекуваат station неколку децении. Учебниците најчесто се темелат на преобемни наставни програми со енциклопедиски карактер, а без дидактичка вредност. **Предлагаме:**

- изработка на учебници од страна на наставници – практичари;
- соодветен избор на рецензенти;

## ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето се одвива перманентно. Во минатото, тоа се потпираше само на усни одговори кои според светски стандарди се сметаат за субјективни. Поради тоа се организираа обуки за примена на објективни тестови на знаења според тежина. Во пракса, мал број наставници ги применува. Почна да се применува екстерна проверка на постигнати знаења на учениците, што доведе до штрајкови на наставници и ученици поради одсуство на дијалог. **Предлагаме:**

- Воведување на наставната дисциплина докимологија, оценувањето на квалитетното образование;
- Оценките од екстерното тестирање да се вклопат во севкупните оценки од наставникот;
- Промени во државната матура (збир на поени од сите предмети и праг на положеност).

## РАКОВОДЕЊЕ

Со училиштето раководи директор, а управува училишен/управен одбор од наставници, воспитувачи, стручни соработници, родители, претставници од локалната заедница и претставник од МОН. **Предлагаме**:

- законска измена на изборот на директор;
- деполитизација на образованието;
- поголема транспарентност на училишните/управните одбори;
- анимирање на родителите во креирањето на училишните политики;
- децентрализација и поголема автономија на училиштата и ученичките домови.

## СТРУЧНИ СЛУЖБИ (ПЕДАГОЗИ И ПСИХОЛОЗИ)

Во повеќето училишта стручните служби најмалку се искористени за она што треба да биде нивната работна задача и за што се остручиле, а тоа е работата со учениците и со родителите. Во многу училишта воопшто нема ваква служба. **Предлагаме:**

- обезбедување на сите училишта со оваа служба и доекипирање со социјален работник и дефектолог, а по потреба и со здравствен работник.
- ревизија на програмите на стручно-педагошката служба;
- перманентна едукација на оваа служба според современите трендови;

- организирање заеднички работилници за ученици, родители и наставници;

## НАСТАВНИЦИ

Достоинството на просветниот работник во општеството е потценето од повеќе аспекти: платите на наставниците се на најниско скалило од сите други државни и локални јавни установи; воведување на екстерното тестирање и обидот преку казнување и наградување да се поттикне наставникот во работата е погрешен чекор, зашто отстапките во оценките од екстерно тестирање влегоа како критериум за напредување (не се вреднува сложеноста на работата, а се изедначени оние кои предаваат 1 и 8 предмети). **Предлагаме:**

- покачување на платите на наставниците за достоинствен живот;
- додаток на плата или намаливање на фонд на часови за наставници кои имаат над 5 програми;
- ослободување на наставниците од формални административни обврски и нивно посветување кон процесите на воспитание и образование;
- измени на Законот за наставници со бришење на резултатите од екстерното тестирање како критериум за напредување;
- измена на екстерното тестирање во функција на анализа и унапредување на наставниот процес;
- регрутирањето и селекцијата на наставен кадар преку унифицирана апликација, вреднување на неформалното образование и волонтирањето во граѓански здруженија;
- конкурси за слободни работни места на крајот на учебната година, за да може навреме да се направи избор;
- на техничките факултети да се воведат по избор на студентите предмети и програми за обука на наставнички кадар за средни стручни училишта;
- одржлив систем на финансирање на дообука на наставниците;
- МОН да ги зајакне подрачните министерства;
- МОН да ги зголеми локалните буџети за образованието.

## УЧЕНИЦИ

Условите во кои учениците учат во многу случаи не ги исполнуваат стандардите и многу објекти бараат темелна реконструкција. Поради бројот на ученици, тие често пати учат во две смени, што

создава големи проблеми за процесот на учење и семејно живеење.
**Предлагаме:**

- едносменска настава во училиштата за поквалитетно учење;
- енергетски ефикасни училишта;
- зголемување на безбедноста на учениците и промоција на политики за превенција од конфликтни ситуации, толеранција и ненасилство;
- волонтирање на надарени ученици со послаби ученици и нивна сертификација;
- бесплатни зимски и летни школи за надарени ученици во областа на природните науки како императив за техничко-технолошкиот развој;
- стипендии и програми за талентирани ученици за престој во странство;
- реконструкција и изградба на училишни одморалишта.

## 3.3. НАУКА И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

### Состојби

Науката и технолошкиот развој ги движат современите економии и притоа овозможуваат општествен развој на земјата. Преку постојаното унапредување на научните и технолошките достигнувања дури и земји со мала традиција успеаја своите економии да ги подигнат до највисоко ниво, а некаде да станат и лидери во научно-технолошкиот развој (Финска, Јапонија, Малезија). Иако инвестициите во науката и технологиите ги предизвикаа глобалните промени на климата и нарушувањата на животната средина, тие сепак се единствените кои со правилни инвестиции можат да ги ублажат и санираат предизвиканите последици. Научниот и технолошкиот развој имаат приоритет во развиените земји од ЕУ за кои се одвојуваат над 2% од БДП. Во повеќе земји на ЕУ (Австрија, Белгија, Португалија) постојат засебни министерства за наука и технологија, додека во Словенија постои засебно министерство за наука и високо образование. Спротивно на сите позитивни европски примери за развојот на науката и технологијата, научно-истражувачката дејност во Република Македонија во последниве години не е на задоволително ниво. Истото се однесува и на технолошкиот развој кој не го следи или не го генерира нашиот стопански развој и приближувањето до европскиот

пазар, главно поради недостиг на инструменти на развојна политика како и на институции на државата. Според тоа, статусот и третманот на науката и истражувањето кај нас, наместо генератор, стануваат кочница на развојот заради следниве состојби:

- Учеството на науката во буџетот стагнира веќе подолг период, и денес изнесува околу 0,2% од БДП, што е речиси десет пати помалку од развиените земји, членки на ЕУ,
- Податоците за бројот на научно-истражувачкиот кадар, бројот на финансирани и завршени проекти, укажуваат дека стапката што се одвојува за научната дејност е на незадоволително ниво,
- Науката и истражувањата во институциите воопшто, како и во институтите за национална тематика има надолен тренд, што е карактеристично и за истражувачката дејност на државните универзитети,
- Потешкотии постојат и во областа на научното издаваштво, комуницирање, дисеминација на знаења, ефектуирање на научните сознанија во практиката, бизнисот, националната афирмација и идентитет.

За сево ова сведочат и препораките на ЕУ со кои се охрабрува РМ да започне со развој на интегрирана истражувачка политика, за што е неопходно да се направат значајни промени во државните научни институции. ЕУ, исто така, упатува сериозни забелешки за недоволните вложувања на Република Македонија во науката.

Државата би можела да се појави во улога на нарачател на многу истражувања од различни области кои се од државен и од национален интерес, и тоа: проучување на факторите на животната средина, како што се климатските промени, загадувањето, енергијата, биодиверзитетот, што придонесува за подобар и поквалитетен живот на граѓаните и заштита на нивното здравје и безбедност. Не помалку значајни се мултидисциплинарните научни проекти, од базични истражувања до применети истражувања во доменот на медицината, безбедноста на храната (ГМО продукти, адитиви и сл.), превенција на здравјето, обновливи енергии, заштеда на гориво итн.

ДОМ смета дека е потребна поголема грижа за науката и подобра координација помеѓу институциите кои треба да ја поддржат науката во РМ, давање поголема јавност на научните истражувања, развивање на јавно-приватно партнерство, како и јакнење на поврзаноста помеѓу истражувањето и индустрискиот и бизнис секторот.

## Приоритети

**ДОМ како приоритети во програмата за развој на науката и технологијата ги издвојува:**

- Изработка и усвојување на Национална програма за наука, истражувања, технологија и информатика. Притоа јасно треба да се определат стратешките цели, развојните приоритети, законските акти, финансиските инструменти и имплементацискиот апарат за остварување на програмата;
- Носење нов Закон за високо образование и враќање на автономијата на Универзитетот;
- Формирање Министерство за наука, кое треба со ревизија на законските прописи за Владата и државната управа да дејствува на изработката и остварувањето на Националната програма. Предлогот за формирање посебно министерство е значаен, поврзан со нашата политика за интегрирање во ЕУ и НАТО, со остварувањето на серија политики во областа на општествено-економскиот развој, инвестициите, јавниот фискус и даноците, информатизацијата и технолошкиот развој, како и со статусот на научните институции, организацијата, унапредувањето на човечките ресурси и воопшто хуманиот капитал на Македонија;
- Усвојувањето на предлогот нема да значи оптоварување на буџетот или оптоварување со нова администрација, бидејќи дел од постојното Министерство за образование и наука ќе се реорганизира во ново министерство, но со новоопределени функции, преквалификуван и посоодветно профилиран кадар, со поинаков пристап кон развојот и напредокот на државата;
- Ревидирање на системот за универзитетска акредитација и евалуација, на според европските стандарди за обезбедување квалитет.

### МИНИСТЕРСТВО ЗА НАУКА И ИНФОРМАТИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Заложбата на ДОМ за одделно Министерство за наука и технолошки развој поаѓа од премисата дека вложувањето во науката е инвестиција, а не трошок. На пример, Шведска има највисоки вложувања во науката, околу 4% од БДП. ЕУ нуди многу можности за помош во научни истражувања преку богатите научно-истражувачки програми како што се FP7, COST, UNESCO, IAEA и сл. Но и покрај потпишаните протоколи за користење на овие фондови, недостига инфраструкту-

ра и логистика за поссодветно искористување на средствата од овие фондови во насока на подобрување на вкупниот развој на земјата. Постоечкото Министерство за образование и наука има започнато значителни реформски процеси во доменот на основното и средното образование, но притоа постои недоволна посветеност на високото образование и на науката. Добро организирана логистика би била од помош за институциите кои се занимаваат со научни истражувања, а таква логистика би можело да даде само ново Министерство за наука и технологија, кое науката ќе ја стави во фокусот на својот интерес, наспроти постоечкото гломазно Министерство за образование и наука.

**ДОМ се залага за**:

- Донесување нова стратегија за научен и технолошки развој под ингеренции на Министерство за наука,
- Зголемување на буџетот за научно-истражувачка дејност и за учество на меѓународни конференции,
- Изнаоѓање посоодветен пристап и партнерство за научно-апликативни цели помеѓу државата и приватниот сектор,
- Формирање национално советодавно тело за утврдување и давање препораки за научните и технолошките потреби на Република Македонија,
- Понуда на поволни зелени кредити, даночни и финансиски олеснувања, како и мотивација за претпријатијата кои долгорочно се определиле за научно-истражувачка работа и имплементација на нови технологии,
- Поддршка на малите и средни претпријатија, како и индивидуалните иноватори кои со своите иновации ја зголемуваат конкурентноста на своите производи на домашниот и на меѓународниот пазар,
- Создавање на научно-технолошки лаборатории, поддржани од централната и локалната власт и приватниот сектор, каде ќе можат да се унапредат технолошките перформанси на македонското стопанство,
- Донесување долгорочна програма за унапредување на научниот потенцијал во Република Македонија, преку размена на искуства, вмрежување во научно-технолошки асоцијации и проекти, студиски и работни престои во развиените земји и трансфер на знаења и технологии во Република Македонија,

- Поддршка на научно-истражувачките работници во публикувањето на своите истражувања, нивна презентација и дисеминација во општеството.

Давањето поголемо значење на науката и инвестирањето во неа има и поголема социјална димензија според сознанието дека човековиот ум е најголемата производна сила на општеството. Исто така, науката и технолошкиот развој земаат учество во јакнењето на еднаквите можности, бидејќи науката не познава граници според родот, верската определба или националната и етничка припадност, бидејќи во името на науката и научните работници говорат само факти и сознанија кои се и треба да бидат двигатели на општествено-економските процеси.

## 3.4. КУЛТУРА И КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ

### Состојби

Културата е највпечатливиот и најмоќниот национален белег по кој една земја се препознава и афирмира во светот. Слободата на творештвото е основниот елемент за секоја култура во цивилизираните и демократските општества. Еден од главните приоритети на ДОМ е прифаќањето и афирмацијата на вистинските вредности на индивидуалното творештво, кое ќе нè интегрира во современите текови на европската и светската култура.

Македонската култура има свои традиционални и обичајни специфики за кои ДОМ се залага да се зачуваат и промовираат не само на локално ниво туку и пошироко, надвор од границите на државата. Богатството на македонската традиција е во разновидноста на автентичните уметнички изрази. Ние ќе настојуваме таа автентичност да се зачува од напливот на туѓи влијанија кои би ја обезличиле и уништиле. Исто така, веруваме дека уметноста и културата не се создаваат само во урбаните центри, туку дека креативниот потенцијал за создавање трајни уметнички вредности лежи насекаде и дека со негово стимулирање и создавање на соодветни услови за творење уметноста треба и може да се децентрализира и дескопјанизира.

### Приоритети

ДОМ се залага за **усвојување на културна стратегија** како и вложување во развојот на новото и модерно творештво. Исто така,

ДОМ ќе се залага за поголема поддршка на самостојната и независна културна сцена која ја сочинуваат голем број на самостојни и независни уметници, невладини организции од областа на културата и од областа на дизајнот и креативнте индустрии. Ним им е потреба поголема поддршка од страна на локалните и националните власти во однос на финансирање на нивните проекти и активности, но и поддршка преку обезбедување на нови независни простори каде овие творци и дејци би работеле и создавале, во вид на ателјеа, нови и независни центри, кретивни кластери и хабови и слично. Еден начин за создавање на овие кластери и хабови е трансформација на напуштени и руинирани објекти (индустриски, воени, деловни, месни заедници и слично), чие што ревитализирање би значело нивна трансформација и трансформација на околината во урбан и еколошки уреден центар.

**ДОМ ги предлага следните мерки:**

- Грижа за заштита на македонскиот национален и културен идентитет, македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,
- Стриктна примена на одредбите од Законот за употреба и заштита на македонскиот јазик во секојдневниот живот,
- Непречено негување на културниот идентитет на сите заедници што живеат во Република Македонија, преку учење и употреба на својот мајчин јазик во секојдневниот живот и во творештвото,
- Оспособување на делови од културата за самофинансирање и пазарно дејствување,
- Анимирање, промоција и поддршка на креативните индустрии на сите нивоа,
- Создавање тимови од професионалци кои ќе ги раководат и организираат културните институции, ќе се грижат за обезбедување алтернативни извори на финансирање и ќе го промовираат културниот производ,
- Промовирање на проекти од сферата на еко-дизајнот како култура на живеење,
- Поддршка на ликовната уметност преку формирање центри за уметнички престој и организација на меѓународни ликовни колонии преку целата година,
- Уметнички работилници за заживување на старите, заборавени занаети кои би се преточиле во модерна форма и апликација и др.,

- Поголема поддршка на алтернативната сцена од сите области на културата,
- Поттикнување на користењето на обновливи извори на енергија во објектите од областа на културата (енергетски фасади и промена на прозорци, загревање на гас, користење на сончеви колектори, создавање на еколошки и уметнички паркови во околината на овие институции).

## 3.5. ЕФИКАСЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

### Состојби

ДОМ се залага за здравствен систем во кој ќе се обезбеди квалитетна здравствена заштита за сите граѓани. За функционирање на ваквиот систем неопходно е да се овозможат соодветни услови за работа и усовршување на здравствените работници од јавниот и приватниот сектор и да се спречи понатамошниот одлив на висококвалификувани медицински кадри од земјата. Загрижувачки е трендот на иселување на младите доктори и сестри. Сметаме дека Македонија не е толку богата за бесплатно да школува кадри за развиените земји.

Во изминативе години беа направени неколку поголеми инвестиции во областа на јавното здравство: опрема, обнова на згради, интегриран информатички здравствен систем. Меѓутоа, поради децениско отсуство на планирање и вложување во специјализации и други обуки, има огромен недостиг на одредени професии. Поради ова, многу скапи апарати остануваат неискористени. Самите специјализанти се незадоволни од условите и третманот, што доведе до протести и скромни позитивни промени. Во целиот период отсуствува координација и соработка на ресорното министерство со давателите на здравствените услуги – здравствените работници.

Повеќе реформи и проекти се насилно спроведени, при што не се земени предвид забелешките на професионалните здруженија и на синдикатите. Воедно, се демонизираат здравствените работници и се гази по нивното достоинство и по нивните права, што е демотивирачко и е една од причините за масовно иселување на здравствените работници.

Едукацијата на лекарите и другите здравствени работници и соработници во Македонија со децении се одвиваше на УКИМ и на Битолскиот Универзитет. Во изминативе години се отворија уште три медицински факултети во Тетово, Штип и Скопје. Ваквата политика,

со оглед на големината на нашата земја, не е рационална и води до дисперзија на материјалните и човечките ресурси, а не кон квалитетно образование. За споредба, во Обединетото Кралство постојат 32 медицински школи на 63.183.000 жители (една школа на 2.000.000 жители).

## Приоритети

1. Инвестиција во инфраструктурата на здравствениот систем на сите нивоа – примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита.
2. Обезбедување на достапност на примарната здравствена заштита во секој дел од државата, вклучително и руралните средини и плански развој на мрежата на секундарна здравствена заштита кој ќе обезбеди рамномерна дисперзија на специјалистички ординации соодветно на потребите, со поголема инклузија на приватните специјалистички ординации.
3. Понатамошен развој на програмите за превентивната медицина и програмите за специјалните групи на население.
4. Обезбедување на услови за квалитетна додипломска, последипломска и континуирана едукација на лекарите и здравствените работници.
5. Имплентирање на реформи и проекти во здравството во соработка, а не со маргинализација и конфронтација со професионалните здруженија и синдикатите.
6. Програма и мерки кои ќе спречат понатамошен одлив на лекари и здравствени работници од земјата.

**ДОМ предлага:**

- Ревизија на Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанци, во насока на декриминализација на лицата што ги употребуваат и воспоставување редовни програми за нивен третман, социјализација и рехабилитација,
- Олеснување на достапноста и намалување на цените на канабис за медицински потреби,
- Редовна набавка на лекови од нови генерации лекови со поефикасно дејство, за сите пациенти, а посебно за хроничните, оние со ретки болести и со ХИВ / Сида,

- Измена на Законот за јавни набавки и додавање дополнителни критериуми, покрај ниската цена, како што е квалитетот, кредибилитетот на фирмите и еколошкиот аспект,
- Да се обезбедат финансиски средства од националниот буџет, врз основа на докази и методолошки прецизни проценки и анализи, со којшто ќе се обезбеди одржливост на програмите за превенција и поддршка од ХИВ за групите под особен ризик од ХИВ,
- Подготовка и усвојување на законски и/или подзаконски ефективни механизми со коишто ќе се обезбеди долгорочно и одржливо државно финансирање на програмите за ХИВ за социјално-исклучените граѓани и групите под особен ризик од ХИВ,
- Доопремување со опрема и кадар на здравствените установи во целата земја, особено во руралните средини,
- Навремено распишување на државни специјализации и вработување на потребните кадри. Недопустиво е да се појавува недостиг од лекари од одредени специјалности,
- Соодветен надомест за приватните специјализанти за време на нивната специјализација,
- Укинување на „пренос во живо“ од полагање на специјалистички испит. Специјалистичкиот испит не е „reality show“,
- Враќање на достоинството на здравствените работници и прекин на хајката против белите мантили,
- Подобрување на платите на здравствените работници,
- Обезбедување на работни места во здравствениот систем за сите студенти со просек над 8,5 во рок од 6 месеци по полагање на државниот испит,
- Проценка на потребите од здравствени работници во Македонија и соодветно планирање на бројот на студентите. Ревизија на потребата од нови медицински факултети,
- Инвестирање во квалитетот на наставата и во научни проекти во постоечките медицински школи,
- Поддршка на понатамошниот развој на интегрираниот информатички систем кој треба да овозможи подобра здравствена заштита за секој пациент. Ревизија на интегрираниот информатички систем во насока на намалување на административната работа на докторите,

- Олеснување и модификација на системот на јавни набавки за јавните здравствени установи со цел да се избегне недостигот од лекови заради долгите административни процедури,
- Понатамошен развој на програмите и проектите од превентивното здравство.
- Посебни програми за ранливи групи (деца, бремени, стари, болни со хронични болести, малигни болести, психички заболувања и зависности),
- Истражувања и инвестиции во областа на здравствената екологија.

## Проекти

- Спречување на одливот на млади лекари во странство
- Подигање на свеста за загадување на надворешниот воздух и дејство врз здравјето
- Подигање на свеста за изворите на загадување  на воздухот во просториите и нивно дејство врз здравјето
- Подигање на свеста за улогата и дејството на конзервансите, додатоците во козметичките препарати и хемикалиите во домаќинството врз здравјето.

# 4. СОЦИЈАЛНА ПРАВДА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## 4.1. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ПО МЕРКА НА ЧОВЕКОТ

### Состојби

Македонија се наоѓа во веќе хронична тешка економска состојба поради долгата транзиција, што негативно влијае врз животниот стандард на граѓаните и квалитетот на нивниот живот. Стапката на невработеност се намалува, но се уште е многу висока - околу 26%, просечните примања се ниски, стапката на сиромаштија е 24%. Невработеноста останува главен предизвик, особено меѓу младите, што предизвикува сериозни социјални последици.

Во изминатиот период постојано се работи на подобрување на законската регулатива од областа на социјалната заштита и се спроведуваат проекти за помош на семејствата без приход. Но, кај повеќето од нив состојбата се влошува, поради неможноста да си обезбедат сопствена егзистенција, долгата постапка за добивање парични средства од социјална заштита (повеќе месеци), како и поради премногу малиот износ на средства кој не ги задоволува потребите ни за храна. Оваа егзистенцијална борба резултира со континуиран стрес кој негативно се одразува врз членовите на семејствата, се нарушуваат меѓусебните односи и комуникација и зачестуваат конфликтни ситуации. Во целата држава во пораст е семејното насилство, разведени бракови, девијантни појави со зависности од алкохол и дрога. Особено загрижува постојаниот пораст на деца зависници, сторители на тешки кражби, насилство и убиства, малолетничка проституција, питачи, жртви на насилство.

И покрај декларативните заложби за семејството и децата, државата не одвојува доволно средства за нивна заштита. Ангажирани се многу мал број стручни лица кои работат со семејства во ризик, што ја отежнува ефикасната борба против сиромаштијата и зајакнување на капацитетот на семејството за справување со проблемите и вклучување на пазарот на трудот.

Во посебно тешка состојба се претставниците на т.н. ранливи групи, во кои спаѓаат зависниците, лицата со посебни потреби,

самохраните родители, жртвите на семејно насилство, бездомните лица, ЛГБТ лицата, Ромите и други малцински групи, кои го носат дополнително и товарот на социјална исклученост поради стереотипи и предрасуди.

**Во социјалната сфера, заложба на ДОМ е креирање современ интегриран систем на социјална заштита, во кој поединците и семејствата ќе можат да живеат од својот труд, а државата ќе помага почитувајќи ги основните принципи на социјална заштита: плурализам, инклузија, демократија.**

За **изградба на општество на социјална правда**, потребна е социјална политика на национално, регионално и локално ниво. **Социјалната вклученост под еднакви услови на сите е неотуѓиво право на секој член како основен услов за партиципативно, креативно и родово избалансирано  општество, ослободено од секаква дискриминација.** Притоа секој  член има право на образование, вработување, плата, здравствено и социјално осигурување, како и достапност до сите производи и услуги од  општ интерес: образование, култура, спорт и др.

**Стратешка политика на ДОМ е:**

- **еднакви можности за сите граѓани, без оглед на полот, расата, етничкото и социјално потекло, возраста, верската определеност, сексуалната ориентација, физичката состојба**. Целта е надминување на сегашната состојба, зашто и покрај одредбите од Уставот и Законот за еднакви можности, во поголемиот дел остварувањето на основните човекови права сеуште е на степен на декларативни заложби;
- **работа за сите под еднакви услови** со цел давање еднакви можности на сите за вклучување во производствено-услужниот процес. Притоа ДОМ се залага за еднакви услови за сите во образовниот процес, заради создавање квалитетни стручни кадри;
- заложба за создавање систем на заштита на граѓаните без социјални ризици и еднаков пристап до социјалните и здравствените услуги;
- приспособување на работното време на потребите на економските субјекти и на граѓаните, со цел граѓаните да можат да обезбедат и доволно време за својот личен живот, преку култура, забава, рекреација;

- зачувување и промовирање на семејството и позитивните ефекти за психосоцијалниот развој на секој негов член;
- пристојно живеење во третото доба, еднакви можности за себереализација и по завршувањето на работниот век, креирање на својот живот и со своето искуство и знаење, да учествуваат во активности корисни за заедницата;
- заложба за воведување стандарди за заштита при работа на сите вработени со цел превентива од настанување на повреда, продолжување на работниот век и користење на работниот потенцијал и искуството на вработените;
- пренамена на средствата кои се даваат како социјална помош, а кои се недоволни за егзистенцијалниот минимум за живот на корисниците, со цел создавање можност за вработување и самовработување на работоспособните корисници на социјална помош.
- **борба против семејното насилство** со цел да се прекине меѓугенерацискиот пренос, што е предуслов за подигање идни здрави генерации кои ќе градат здрави, ненасилни односи во семејството, а со тоа и во пошироката заедница.

## Мерки и активности

**ДОМ се залага за:**

- ратификување и примена на меѓународни правни прописи за регулирање на прашања од областа на заштита на човековите права, недискриминацијата по било која основа, работни односи и социјална заштита;
- имплементација на постојната законска регулатива од областа на заштитата на човековите права, работните односи и социјалната заштита, покренување иницијативи за нејзина измена и дополнување, пред се законите за: работни односи, вработување, социјално и пензиско осигурување, еднакви можности, социјална заштита, семејство, превенција, спречување и заштита од семејно насилство, заштита на децата и др.;
- ефикасна борба против мобинг и сите видови вознемирување на работно место;
- средства за современа социјална заштита на национално и локално ниво;

- системско поврзување на државата со општините и граѓанските здруженија преку координативни тела, за планирање и иницирање локални микро-проекти за социјални услуги и инфраструктура, заради добивање современи социјални сервиси;
- унапредување на капацитетот на службите за социјална работа со цел да се создаде професионално екипиран, експертски и мобилен сервис на граѓаните;
- заложба за воведување стандарди и нормативи во работењето на субјекти кои се вклучени во пружање на социјални услуги;
- подобрување на заемните врски меѓу политиките за социјална исклученост и вработувањето;
- соодветни примања за достоинствен живот;
- програми за вработување на работоспособните корисници на социјална помош преку нивна преквалификација, доквалификација, отворање мини погони;
- програми за вработување на граѓаните, посебно за маргинализирани групи: лица со посебни потреби, самохрани мајки, жртви на семејното насилство, бездомни лица, зависници, поранешни осуденици;
- вклучување на економските субјекти како општествено одговорни чинители во подобрување на стандардот на маргинализираните групи граѓани (лицата со посебни пореби, старите и изнемоштени лица, пензионерите, децата на улица, самохраните родители, жртвите на семејното насилство, бездомниците итн.);
- поддршка на синдикалното здружување како форма на дејствување на вработените за обезбедување повисок стандард на живеење;
- активно справување со сиромаштијата со намалување на општата стапка и длабочина на сиромаштијата и изедначување на регионалните разлики со посебен акцент на руралните средини;
- создавање социјални карти на рурални и урбани општини;
- создавање база на податоци на граѓански здруженија на локално ниво кои даваат социјални услуги на граѓаните;
- отворање информативни центри за социјални услуги на граѓаните кои се нудат на државно и на локално ниво;

- одржување трибини и работилници со граѓаните на локално ниво, со цел запознавање со концептот „социјална правда, сигурност, еднакви можности“;
- отворање семејни советувалишта на локално ниво во кои ќе работат стручни лица со деца, родители, стари лица, останати членови на семејството;
- отворање социјални клубови на локално ниво со цел развивање на социјалните вештини на жителите заради препознавање и развивање на личните капацитети како предуслов за подобрување на животниот стандард;
- отворање регионални центри за времено згрижување на жртвите на семејно насилство;
- програми за меѓугенерациска солидарност преку различни активности;
- програми за вклучување на лицата од трето доба во активности корисни за заедницата;
- квалитетно примарно, секундарно и терцијарно образование во инклузивни училишта за помладите лица со попреченост, со обучени наставници и специјално изработени образовни материјали;
- возрасните лица со попреченост да се интегрираат во заедницата преку соодветни активности;
- пристапност на јавната инфраструктура, јавните згради, санитарните капацитети, јавниот простор, јавниот транспорт за сите лица со посебни потреби;
- отворање младински креативни центри на локално ниво, со цел поттикнување на креативниот потенцијал кај младата популација (охрабрување на нивното критичко мислење, креативност и интелегенција);
- воведување даночни олеснувања за фирми како мотивација за вработување на лица од тн. маргинализирани групи;
- одржување трибини со владини институци и бизнис секторот со цел да се изнајдат начини за вработување на лица припадници на маргинализирани групи;
- програми за едукации на образовно-воспитниот кадар во детските градинки и училиштата за превенција и препознавање на психо-социјалните проблеми кај децата и семејствата;

- програми за едукативни работилиници за децата од предучилишна и училишна возраст за превенција и препознавање на штетните влијанија од алкохолот, пушењето, дрогата, проституцијата, семејното насилство, трговијата со деца;
- програми за подигнување на јавната свест за проблемите од социјална заштита и промовирање на концептот за квалитетно живеење;
- програми за разбивање социјални предрасуди, игнорирање и дискриминација.

## 4.2. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

„Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви според достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и свест и треба едни кон други да постапуваат во духот на братството" (чл. 1, Универзална декларација за човековите права, Париз 1948 година).

### Приоритети

**ДОМ ги става на пиедестал четирите принципи: почитување на човековите права, еднакви можности, недискриминација и толеранција на различностите. Придржувањето до нив не прави слободни во умот и дејствувањето.**

ДОМ стои цврсто зад принципот на **почитување на човековите права**, зашто тие им припаѓаат на сите човечки суштества, без оглед на националноста, местото на живеење, полот, националната или етничката припадност, бојата, религијата, јазикот или кој било друг статус. Сите ние имаме исто право на наше постоење, мислење, делување, без дискриминација.

ДОМ инсистира на принципот на **еднакви можности** за живот и напредок на сите луѓе. Тој тргнува од еднаквоста, која претставува начело според кое сите луѓе се сметаат рамноправни, односно изедначени во поглед на нивните права и обврски.

ДОМ го застапува принципот на **недискриминација** на било кој човек и се бори јавно и бескомпромисно против секаков вид дискриминација. Дискриминација е секое неоправдано правно или физичко, непосредно или посредно правење разлика или нееднакво

постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожата, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, сексуална ориентација и родов идентитет, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или кој бил друг основ.

ДОМ ја истакнува важноста на **толеранцијата** кон различностите, зашто таа овозможува меѓусебна почит, дијалог и соработка. На различните по многу нешта, но сите - луѓе.

**ДОМ се залага за:**

- почитување и доследно спроведување од македонските институции и граѓани на домашните и меѓународни документи за човековите права, недискриминација, еднакви можности и толеранција;
- ефективна и транспарентна работа на Комисијата за заштита од дискриминација;
- оформување на независна експертска комисија за антидискриминација;
- законска забрана на говорот на омраза, како кривично дело;
- борба против стереотипите и предрасудите, како и против говорот на омраза;
- ненасилство во делувањето на поединците и институциите;
- јавно застапување за заштита од дискриминација, а за социјално вклучување и социјални права за сите граѓани, особено за маргинализираните групи, вклучувајќи ги и малцинските заедници, а особено Ромите:
  - За да не бидат веќе запоставени и маргинализирани, за да може да се реализираат професионално и да живеат достоинствен живот, ДОМ предлага сериозни финансиски вложувања за подобрување на инфраструктурата и животните услови на Ромите, како и обезбедување на силна институционална поддршка за подигање на квалитетот на нивниот живот во поглед на здравство, образование и социјална заштита, култура и спорт. Овие вложувања треба да течат се до изедначување на квалитетот на живот и еманципација на Ромите со другите заедници,
  - Во Шуто Оризари и сите други места каде што живеат Ромите да бидат покриени со институции на социјална и здравствена

заштита (градинки, социјални советувалишта, амбуланти, гинеколошки ординации, центри за репродуктивно здравје, стоматолози и други специјалности),

- ДОМ поднесе Декларација за правата и достоинството на Ромите во 2010 г., усвоена во Собранието на РМ;

- подобро меѓусебно запознавање на граѓаните од различни општествени групи и заедници, во функција на јакнење на социјалната кохезија и изградба на праведно, стабилно и просперитетно мултиетничко општество.

## 4.3. ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ

### Состојби

Поимот „заедница" означува состојба во која сме меѓусебно силно поврзани и упатени едни на други. Затоа еднаквоста на сите граѓани во слободите и правата, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верско убедување, имотната и општествената положба, е поставена како темелна вредност загарантирана со Уставот на Република Македонија.

Како политичка партија на зелената опција меѓу приоритетите на ДОМ се социјалната правда, еднаквите можности за сите и почитувањето на различностите. Токму во рамките на овие програмски приоритети веднаш по Основачкото собрание на ДОМ во 2006 година е формиран и функционира Форумот на жените на ДОМ. Форумот активно работи на своето структурирање и остварување на програмските цели на партијата. Во него се вклучени членови на ДОМ и симпатизери.

Во изминатиот период Форумот на жени на ДОМ даде активна поддршка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на РМ и оствари низа активности за реализација на својата програма:

- Кампања за 50% жени на изборните листи која резултираше со зголемени квоти за помалку застапениот пол од 33% на 40%, со поддршка на сите членки на Македонското женско лоби.
  Оваа заложба ДОМ ја реализираше на локалните избори во 2013 со 50% жени кандидати за советници на своите избирачки листи.

- Активно учество во носењето на Закон за семејно насилство, каде беа прифатени повеќе суштествени амандмани од ДОМ.
- Активна борба против забраната на абортус, заедно со жени од други партии и граѓански организации.
- Трибини од областа на економското јакнење на жените, здравствената заштита, проблемите на самохраните родители, проблемот со семејното насилство, живот со хендикепирано лице, кампања против ГМО и поддршка за производство на органска храна.
- Прифатена е иницијатива на Форумот на жените на ДОМ за измена на Законот за работни односи и воведување на забраната на психичко вознемирување на работно место (мобинг).

## Приоритети

### ПОСТИГНУВАЊЕ РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Родова еднаквост значи подеднаква видливост на учеството на двата пола во сите сфери на приватниот и јавниот живот. Примената на овој принцип резултира со обезбедување на поголема понуда на идеи и решенија со цел создавање на избалансирано, хармонично и просперитетно општество. За да се овозможи практично функционирање на принципот на родова рамноправност, неопходна е целосна имплементација на правата на жените како човекови права и елиминирање на сите форми на дискриминација на жените. Ова претставува и една од основните програмски определби на Зелената опција која ДОМ ја имплементира во својата политичка програма и активност.

### АКТИВНО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ

Рамноправното учество на жените во политичкиот живот е предуслов за развој на демократско и просперитетно општество. Прифаќајќи ја во потполност платформата на ОН „Планета 50/50 до 2030“, Форумот на жени на ДОМ се залага за овие **мерки**:

- **Измени на Изборниот законик со една изборна единица, отворени листи, 50% жени на изборните листи и квоти за градоначалнички;**
- Едукација и поттикнување на жените за учество во политиката;
- Промовирање на женските граѓански и политички права;

- Промовирање на постигнатите ефекти како резултат на активноста на жените политичари.

## ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ

Економски еманципирани и независни жени се предуслов за општествена афирмација на жената. Жената-претприемач сé повеќе станува битен елемент на малото стопанство во светот, и затоа е битно да се креира адекватна политика за поддршка на жените претприемачи. Во изминативе децении на меѓународен план се организираат повеќе конференции за поголемо и порамноправно учество на жената во економскиот и во јавниот живот.

Во периодот на транзицијата, жените во Македонија беа посилно погодени поради разликите во образованието и квалификациите, пониските работни места и различните облици на дискриминација на кои беа подложени. Ова доведе до понизок материјален и општествен статус на жените, кои полесно стануваат жртви на насилство, трговија со луѓе и проституција.

Проблемот во развојот на женското претприемништво се поврзува и со биолошката функција на жената и врската со семејството, како и со стереотипите и истакнувањето на традиционалниот начин на живот. За среќа, прашањето на женското претприемништво добива сé повеќе публицитет и се работи на создавање услови за еднакви можности и услови за работа на мажите и жените.

Во таа смисла Форумот на жени на ДОМ ги предлага овие **мерки:**

- Обезбедување баланс на приватниот и професионалниот живот на жените со овозможување повеќе опции за флексибилно работно време по избор на жените (скратено работно време, работа во одредени денови), зголемен број на градинки, целодневна работа на градинките, зголемен опфат на децата во градинките и други мерки,
- Поттикнување на деловен успех, деловна култура и деловна етика на жените,
- Развивање на мерки за активна улога на жените на пазарот на трудот со фокус на „озеленување“ на националната економија и создавање нови „зелени“ работни места,
- Поддршка на женското претприемништво со сериозни буџетски средства,
- Поддршка на жените од руралните подрачја со сериозни буџетски средства,
- Поголема застапеност на жени-менаџери, управители и претставници во управни и надзорни одбори,

- Обезбедување на различни форми на поддршка на жените при основање приватни фирми,
- Промоција на жени успешни претприемници,
- Формирање на фонд за поддршка на неформалниот бизнис сектор (традиционална храна, занаети, ракотворби),
- Достапни едукации од областа на бизнис, менаџмент и маркетинг,
- Спречување на мобинг на работното место,
- Отстранување на различни облици на дискриминација при барањето работа.

**СОЦИЈАЛНА ГРИЖА ЗА ЖЕНИТЕ**

Социјалната заштита подразбира систем на економски, политички, образовни, правни и други мерки и активности кои имаат цел превенција на причините кои доведуваат до индивидулани социјални случаи, односно групни социјални проблеми и потешкотии кои оневозможуваат успешно социјално функционирање. Социјалната заштита подразбира и организиран систем на различен вид услуги од државата и другите чинители на општествениот живот за меѓусебна поддршка и помош на различни категории граѓани. ДОМ доследно и енергично се залага за граѓанска еднаквост на секој поединец и општестевна група.

Во овој контекст Форумот на жени на ДОМ ја истакнува потребата од следниве **мерки**:

- Воведување родово сензитивно буџетирање на ниво на цела држава:
    - Обезбедување повеќе средства за: градинки со флексибилно работно време и други социјални установи за згрижување деца и возрасни лица, прифатилишта за жртви од домашно насилство, скрининг програми за рак на матка и дојка, поддршка на женско претприемништво и рурални жени, како и други мерки за постигнување родова рамноправност;
    - Отворање советувалишта за сторители на домашно насилство, прифатилишта за жртвите на секои 10.000 жители и обука на професионалци од институциите, како и кризни Центри за помош на жртви на силување на секои 200.000 жители;
    - Ратификување и доследно спроведување на препораките од Истанбулска конференција и унапредување на постоечката законска регулатива од оваа област.
    - Итна реакција на органите за спроведување на Законот и пристап на жртвите до посебни мерки за заштита во текот на истрагата и судските постапки.

- Унапредување на Законот за бесплатна правна помош.

- Борба против семејното насилство, со зголемена буџетска поддршка за прифатилишта и програми за доедукација и ресоцијализација на жртвите,
- Борба против стереотипите и предрасудите,
- Грижа за ранливите групи (стари лица, лица со посебни потреби, деца без родители, самохрани мајки), и воведување волонтерска работа во вид на проектна активност во средните училишта за посета и помош на лица кои имаат потреба, ресоцијализација на ранливите групи.

**ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ**

Правото на живот е основното човеково право загарантирано со највиските акти на државата. ДОМ се залага за здравствен систем кој ќе биде основа за квалитетна здравствена заштита за сите граѓани. Форумот на жени на ДОМ особено значење им дава на следните **мерки**:

- Измена на Законот за абортус во насока на слободно одлучување на жените без психолошки притисоци, ограничувања и непотребни процедури.
- Здравствена едукација на жените, особено за болести специфични за нив,
- Целосен опфат на жените со примарна гинеколошка здравствена заштита и целосен опфат на жените во програмите за скрининг на рак на грло на матка и на дојка.
- Обезбедување на задолжителна примарна здравствена заштита во руралните средини,
- Унапредување на превенцијата, раната дијагностика и лекувањето на сексуално преносливите болести,
- Воведување сексуално образование во основните училишта.

**ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА ЖЕНИТЕ**

Во Република Македонија присутен е позитивен тренд на поголем број жени во однос на мажи кои се запишуваат и го завршуваат високото образование. Но, сеуште е присутен значителен број жени, особено од повозрасните генерации, од руралните средини и од маргинализираните групи кои немаат завршено формално образование, што ги прави неконкурентни на пазарот на труд. Затоа Форумот на жени на ДОМ се залага за:

- Обезбедување на неформално образование за лица со незавршено задолжително образование,
- Организирање на курсеви, семинари и работилници за стекнување одредени вештини со цел за полесно вработување,
- Инклузивен пристап во формалното образование на лицата со посебни потреби.

Бидејќи главните определби на форумот на жени на ДОМ кореспондираат со основните приоритети на Зелената програма на ДОМ, Форумот на жени на ДОМ се залага за целосно имплементирање на Зелената програма на ДОМ во сите сфери на општествено-политичкиот живот во Република Македонија.

## 4.4. ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

### Принципи, начела и мерки на ДОМ за целосна вклученост на лицата со посебни потреби во општеството

Во Македонија, социјалната заштита на граѓаните државата ја обезбедува во согласност со начелото на социјална праведност, загарантирано со самите уставни одредби (член 3 од Уставот на Р.М.). Самиот систем на социјална заштита претставува заокружен механизам кој треба да овозможи услови, како и да обезбеди мерки за вклученост на ранливите групи во општеството.

Една од најголемите категории на ранливи групи во земјата и приоритет во програмата на ДОМ се лицата со посебни потреби.

Успешно дејствување и ефективната реализација на програмата на ДОМ, во делот за социјална политика бара придржување до одредници, со што ќе се гарантира целосна инклузија на граѓаните со посебни потреби, запазувајќи ги следните принципи:

- **Континуитет –** обезбедување на континуитет во имплементацијата на ратификуваната Конвенција за правата на лицата со посебни потреби, како ратификувана државна политика;
- **Заштита –** планирање на мерки и активности за совладување и ограничување на дејството на факторите што имаат негативно влијание врз процесот на социјална заштита и превенција;

- **Успешност –** усогласување на целите,  приоритетите, планираните мерки,  специфичните програми и очекуваните резултати со реалните општествени потреби;
- **Доследност –** обезбедување на координација, промоција и мерки за градење на меѓусебна посветеност при реализација на целите;
- **Рационалност –** постигнување оптимални резултати преку целисходно финансирање, отчетност и ревидирање на фискалните трошоци.

## Начела

ДОМ смета дека преку успешно наведените принципи и нивното доследно почитување во политичките одлуки во општествениот живот ќе се вградат следниве начела:

- **Праведност** – ДОМ се стреми кон креирање на општество во кое почитувањето на човековите права, достоинството, слободата, еднаквиот пристап и недискриминацијата ќе бидат наши водилки и единствени верификатори;
- **Еднаквост** – Сите групи на население ќе бидат подеднакво вклучени. ДОМ го гледа феноменот посебни потреби како клучен сегмент на човековата различност и развој. ДОМ ја следи максимата на лицата со посебни потреби „Ништо за нас – без нас“. ДОМ никогаш не дејствувал, ниту пак ќе преземе нешто без активно учество на лицата со посебни потреби, водени од претходно наведеното начело за Праведност;
- **Ефективност** – Остварување на  поставените цели преку успешно реализирани стратегии и акциони планови, со што ќе се овозможи континуираност и долготрајност на постигнатите резултати, но никако спротивставени со претходно наведената максима.

## Мерки за унапредување на правата на лицата со посебни потреби

- Со цел поефикасно спроведување на Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби Република Македонија конечно мора да се соочи со неопходноста за донесување на сеопфатен **Закон за правата и достоинството на лицата со**

**посебни потреби**. Впрочем, тоа и го побараа самите лица со посебни потреби со првата успешна граѓанска иницијатива и собирањето на 18.976 потписи за донесување на таков закон. ДОМ отсекогаш стоеше зад оваа иницијатива!;

- ДОМ од своето формирање реагираше и инсистираше, дека системот на заштитни фирми за лицата со посебни потреби е недограден и е предмет на докажани манипулации. Ниту по десетина измени на законот не се воведе систем и ред во оваа проблематика. Затоа, ДОМ се залага за целосно нов пристап и донесување на **нов закон за вработување на лицата со посебни потреби** со квотен систем и „празна столица“, со што навистина ќе се обезбеди вклучување на лицата со посебни потреби во отворениот пазар на трудот;
- Донесување на национална политика за формирање на сервиси за поддршка со неопходните регулаторни механизми. ДОМ смета дека со ова ќе се обезбеди воведување на стандарди за сите сервиси и даватели на услуги кои засега никнуваат парцијално, со т.н. „активни мерки“. ДОМ смета дека ни недостасува поглед врз долгорочниот ефект, цената на чинење на сервисите, како и поефективен систем за контрола и дистрибуција на финансиските средства наменети за различните сервиси. А при тоа, да не се заборави почитувањето на принципот на Еднаквост и вклученост на лицата со посебни потреби во креирањето и контрола на овој механизам;
- ДОМ забележува ноторно преклопување на улогите кај институциите. Дали во прифаќање или во одбивање на надлежност. ДОМ се залага секоја институција (дури и куќен совет и месна заедница) во рамките на својот домен, да си ги преземе обврските за овие наши сограѓани. ДОМ ќе инсистира на нормативна регулација на оваа материја, што би рекле лицата со посебни потреби „Дури и министерот без ресор мора да има ресор – посебни потреби“;
- Надградување на административниот капацитет на Министерството за труд и социјална политика, како и на останатите институции на централно и локално ниво. ДОМ верува дека со подигнувањето на капацитетите и вештините на овие луѓе во јавната администрација, ќе се обезбеди разбирање на потребите на ранливите групи, особено на лицата со посебни потреби, а со тоа ќе се обезбеди нивна активна вклученост во општествениот живот;

- Спроведување на законите со кои е регулирана обврската за пристапност на сите објекти, од просторно и урбанистичко планирање, преку градење, се до одржување;
- Децентрализација на центрите за социјална работа, во поглед на финансирање и нудење на социјална заштита. ДОМ инсистира да се изврши проценка на локалните ресурси и потреби за да се оценат капацитети на локалните самоуправи. ДОМ инсистира вработените во овие центри буквално да излезат од канцеларија и секојдневно, на терен, да ги следат потребите на граѓаните, особено на лицата со посебни потреби, како најгетоизирана група;
- ДОМ инсистира секоја општина да донесе политика и локален акционен план (ЛАП) по прашањето на лицата со посебни потреби. ДОМ со своите советници ќе се бори за надминување на дискриминацијата, сегрегацијата и економската нееднаквост за најранливата група на граѓани – лицата со посебни потреби.
- ДОМ смета дека без задолжително и нормативно регулирано вклучување на лицата со посебни потреби, како претставници во регулаторните тела, како и сите сегменти на власта (извршна, законодавна и судска), никогаш доследно нема да се оствари принципот „Ништо за нас – без нас“.

Токму затоа, за сето горе неведено, и за уште илјадници неспомнати проблеми со кои секојдневно се соочуваат нашите сограѓани со посебни потреби, ДОМ се заложува сите политики, па дури и ад хок мерки, да ги следи нашите принципи кои имаат само една цел – целосна инклузија на граѓаните со посебни потреби. Затоа што, како што ни сугерираат лицата со посебни потреби, „Македонија е премногу мала, да може да се откаже од придонесот на било кој свој граѓанин, па бил тој со посебни потреби или не!“

## 4.5. ПРАВАТА НА ЛГБТ ЛИЦАТА

### Состојби

ЛГБТ лицата во Република Македонија страдаат од дискриминација, насилство и хомофобични медиумски содржини кои преку говорот на омраза поттикнуваат пораст на хомофобија и насилство кон ЛГБТ лицата во нашата држава. Оваа констатација произлегува не само од самата заедница и невладините организации кои работат

на оваа проблематика, туку овој податок стои и во Извештајот за напредокот на Македонија од ноември 2015 година од страна на Европската Комисија.

Еден од главните приорити на ДОМ е социјалната правда и еднакви можности за сите. ДОМ е партија која активно соработува со невладините организации кои ѓи застапуваат правата на ЛГБТ заедницата во Р. Македонија. ДОМ преку својата претседателка и пратеничка во Собранието на РМ и поранешна претседателка на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените, дава безрезервна поддршка застапувајќи ги правата на ЛГБТ заедницата и сите останати маргинализирани групи на граѓани во институциите на државата и во медиумите.

ДОМ неколку пати предлагаше измени на Законот за недискриминација со внесување термините: сексуална ориентација и родов идентитет, а во Парламентот нашиот пратеник беше прв кој постави пратенички прашања за нападите врз ЛГБТ луѓето до министерката за внатрешни работи и до јавниот обвинител. ДОМ водејќи ја собраниската Комисија за еднаквост меѓу мажите и жените ја овозможи и првата расправа за третманот на ЛГБТ лицата и другите маргинализирани групи во јавната комуникација, а повеќекратно беа донесени заклучоци за промена на членот 3 на истата Комисија. Пратеникот од ДОМ, како одлучувачки глас, ги спречи уставните измени со кои се предвидуваше забрана за вонбрачна заедница помеѓу истополови двојки. ДОМ во континуитет дава поддршка за правата на ЛГБТ лицата, а против говорот на омраза и омаловажувањето.

ДОМ реагира на сите хомофобични изјави и настани и учествува во јавни кампањи за поддршка на ЛГБТ правата.

Некои од поважните заложби на ДОМ кои се однесуваат на заштита на правата на ЛГБТ лицата во Македонија се:

- Поднесен Амандман од страна на пратеничката Лилјана Поповска, со цел додавката за вонбрачна заедница да биде избришана од предлог-амандманот на уставниот член 40, според кој бракот и вонбрачната заедница се партнерство „исклучиво меѓу само една жена и само еден маж“, а со кој не се согласува вонбрачната заедница да биде уставна категорија, затоа што на тој начин ќе бидат дискриминирани не само ЛГБТ заедницата, туку и други категории граѓани.
- Поднесен е Закон за спречување и заштита од дискриминација од страна на пратеничката Лилјана Поповска, во кој се проширени основите за дискриминација во членот 3, со зборовите „сексуална ориентација и родов идентитет“. Законот експлицитно ќе пропишува забрана за дискриминација врз оваа

основа, што е суштинска потреба за целосна заштита од дискриминација на ЛГБТ луѓето во Република Македонија.

## Приоритети

Во насока на остварување на правата и потребите на ЛГБТ заедницата ДОМ ги истакнува следните заложби:

- подигање свеста за почитувањето на различностите во општеството и спротивставување на нетолеранцијата кон ЛГБТ лицата во Р. Македонија,
- зголемување на видливоста на ЛГБТ заедницата преку присуство во медиумите и образованието,
- измена на Законот за недискриминација и додавање на сексуалната ориентација и родов идентитет како основ за недискриминација,
- овозможување на еднаков пристап и недискриминација при вработување на маргинализирани групи на граѓани во општеството, вклучувајки ја и ЛГБТ заедницата во Р. Македонија.

# 4.6. МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

## Приоритети

### ГАРАНТИРАНО ПРАВО НА УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ОДЛУЧУВАЊЕТО

Правото на младите да учествуваат во процесите на одлучувањето им е загарантирано со навршување на 18 години. ДОМ секогаш го признава правото на младите луѓе да го искажат своето мислење за релевантни теми и го вреднува осебно за политиките кои директно влијаат и ги засегаат токму младите луѓе.

ДОМ се залага за почитување на Европската повелба за младинско информирање донесена во Братислава (Република Словачка) во 2004 година од страна на 15-тото Генералното собрание на Европската агенција за младинско информирање и советување (ERYICA) која ги опфаќа сите теми што ги интересираат младите луѓе и вклучува широк спектар на активности: информирање, советување, водење, поддржување, тренинзи и обуки, вмрежување, како и упатување на специјализирани услуги.

ДОМ поддржува младински активизам и програми за врсничка едукација, води дијалог со младите лидери и е нивен директен лобист во

процесите на креирање на политики на национално ниво, и се бори за нивно ефективно учество.

ДОМ гради партнерски однос со младите на национално ниво и развива програми преку кои младите даваат придонес и сами го креираат општеството во кое живеат. ДОМ во институциите предлага развој на формални и неформални механизми, и фокусирање врз основање работни групи во кои се гарантира младинско учество, со консултации на младите во процесите на носењето на одлуките и ги поддржува проектите водени од младите.

За ДОМ учеството на младите во процесите на одлучување значи подемократско одлучување. Но истовремено ДОМ е подготвен да инвестира во младите луѓе, да обезбеди буџет и да им гарантира отворени и достапни институции, институции – сервиси на младите луѓе.

ДОМ поттикнува развој на младите луѓе во активни и свесни граѓани, се залага за баланс на правата на младите луѓе и нивните обврски кон општеството, со што придонесува во борбата со стереотипите и бариерите помеѓу возрасните и младите односно институциите и младинските активисти.

ДОМ продолжува да развива дијалог со младинските работници и младинските организации и се залага за издвојување буџетски средства за нивно јакнење и за нивните интереси кои се во согласност со програмските заложби.

Инвестирањето во младина која придонесува значи и позитивен развој на земјата, затоа ДОМ ги предлага **следните мерки**:

- Имплементирање на Националната стратегија за млади 2016 – 2025,
- Формирање Национално координативно тело за млади со претставници од институциите, парламентарци и претставници на невладиниот сектор,
- Признавање на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) како единствено преставничко тело на младинските организации и младите во земјава на национално ниво,
- Воспоставување механизам за соработка и координација меѓу државните институции и Националниот младински совет на Македонија како најголемо претставничко тело на младите и на младинските организации во државата, како и формирање младинска лоби група во Парламентот,
- Гаранција на слободата за здружување на средношколците и студентите и нивно вклучување во сите процеси од нивен интерес,
- Подобрување на статусот на младинските организации преку редовна финансиска поддршка,

- Воспоставување систем за младинска информираност преку воспитно-образовните и културно-забавните установи односно младински клубови и советодавни тела,
- Обезбедување простор за младите и дебата за младинските прашања во медиумите,
- Промовирање на политичка партиципација на младите и унапредување на јавните политики за млади преку носење на **Закон за млади**,
- Развивање можности за економско јакнење на младите и младинските организации.

## МЛАДИНА СО ВИСТИНСКИ ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ

Реализирањето на демократијата, во нејзиното основно значење – владеење на народот – е еден од постулатите врз кои се темели политичкото дејствување на ДОМ. Учесници во демократските процеси се и треба да бидат сите граѓани на Република Македонија, вклучувајќи ги и младите. Демократијата не е само денот на изборите, туку и учество на младите во донесувањето на одлуки од државен и локален интерес и транспарентниот проток на информации на сите нивоа. Подобрувањето на демократијата само по себе ни ги отвора патиштата за подобро донесување одлуки за нашето живеење преку искажување на сопственото мислење и ставови. Затоа, настојуваме сите граѓани, а пред се младите да имаат право да го изразат своето мислење.

На младите треба да им се даде слобода и можност да се развиваат како личности врз основа на своите способности и квалификации. На едно правично општество потребни му се слободни индивидуи, кои ќе учествуваат во процесите на донесување на одлуките и одлучувањето, посебно младите луѓе кои мора да го имаат, но и да го користат правото да одлучуваат за својата иднина, да влијаат врз одлуките кои се однесуваат на нив самите.

**Основна мерка** во оваа насока е

- Да се посвети посебно внимание на политичка едукација на младите луѓе под 18 години и без право на глас, што би придонело кон поквалитетно размислување и одлучување во моментот кога ќе се стекнат со истото, што пак од самиот почеток би придонело во развој на општествено-ангажирани и одговорни млади луѓе.

## МЛАДИТЕ ЗА ТОЛЕРАНТНОСТ, ЗАЕДНИШТВО И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Соочени сме секојдневно со бран на насилства во различни форми кои имаат негативни импликации врз луѓето, но и врз животната средина, културата, економијата.

ДОМ се стреми кон создавање култура на мир и меѓусебно разбирање која би се постигнала преку проекти насочени кон промовирање на вредностите, ставовите и начинот на однесување што е основа на мирното решавање на конфликтите и нивна евентуална превенција.

**Во таа насока** ДОМ ги мотивира младите луѓе да преземат позитивна акција со цел да ја направиме нашата заедница побезбедна и поздрава, преку проекти против говор на омраза. ДОМ промовира политики на помирување, соработка и зближување на младите луѓе без разлика на нивната етничка, верска, партиска, социјална, сексуална или било која друга определба.

## ОБРАЗОВАНИЕ, СТУДЕНТСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

Во изминативе години сведоци сме на постојано незадоволство од предложените законски решенија за сите фази на образование, посебно законите за средно и високо образование и постојаниот надзор и третманот на професорите. Средношколците, студентите и нивните професори го изразија своето незадоволство од експерименталните обиди за промени во образованието, чиј продукт единствено беше сериозното намалување на квалитетот на образованието, нарушувањето на универзитетската автономија и кршењето на студентските и ученичките права.

**ДОМ се залага:**

- Да се направи целосно ревидирање за Законите за основно, средно и високо образование во консултации со сите засегнати страни,
- Да се обезбедат континуирано професионални простории, ресурси и стручен кадар на сите катедри,
- Да се реновираат и реорганизираат студентските и средношколски домови, да се обезбедат човечки хигиенски услови и стандардизирани студентски мензи,
- Да се преиспитаат потребите од отварање на нови универзитети,
- Да се овозможат комбинирани студии, нови програми и слободен избор на предмети,
- Да се поттикнат и да се создадат услови за независни и силни студентски и средношколски организации,
- Да се поддржи нов модел на студентско и средношколско претставување според желбата на студентите,
- Да се врати достоинството и интегритетот на професорите,

- Да се обезбедат услови и средства за развој на науката,
- Да се укине екстерното тестирање,
- Да се направи евалуација на досегашниот КТС систем, за да се укаже на недостатоците и на сите недоследности, да се ревидираат наставните програми согласно со европските,
- Да се овозможат услови за научно истражување и средства за млади истражувачи,
- Да се обезбедат задолжителни студентски и професорски размени за студиски смерови,
- Да се реновираат библиотеките и да се збогатат библиотечните фондови со литература на повеќе светски јазици,
- Да се безбеди тримесечни карти за бруцошите за сите културни и спортски манифестации,
- Да се поттикне организирање студентски и средношколски манифестации и забави, како и издавање модерен студентски и средношколски весник,
- Да се воведе сексуално образование за средношколците,
- Да се обезбедат информации за граѓанските здруженија во средношколските и студентските библиотеки.

**ЕКОЛОГИЈА, ВОВЕДУВАЊЕ РЕДОВЕН ПРЕДМЕТ ВО УЧИЛИШТЕ**

ДОМ, како организација со зелена политичка платформа смета дека младите луѓе имаат потреба да се стекнат со знаење, вештини и воспитни идеи за заштита на животната средина, тоа значи развивање на чувство и свест за одговорност спрема природата и животната средина. Досегашното изучување на екологијата во рамките на други предмети и изучување во облик на проектната активност, не го даваат посакуваниот ефект. Пред се, на наставничкиот кадар му недостасува обука и компетенции во областа на екологијата, но и проблемот со едукативниот материјал во кој заштитата на животната средина не е доволно застапена.

Да се учи за претприемништво и бизнис, а да не се учи за екологија, значи некомплетен образовен процес на младите личности.

ДОМ предлага спроведување неформално образование за заштита на животната средина преку семинари, обуки, дебати и најавува летна Академија со главна тема екологија.

**ВОЛОНТЕРСТВОТО, ЧЕКОР КОН ОДГОВОРНА И ПРОДУКТИВНА МЛАДИНА**

ДОМ го смета волонтерството за исклучително признато, вредно и како задолжителна препорака при секое вработување. Имено

волонтерството го поттикнува активизмот, кој е основен двигател на наредното општество, придонесува во градењето на мрежи и создава чувство на одговорност за решавање на проблемите на заедницата.

На младите и на невработените волонтерството им помага да развијат и да усовршат одредени вештини, да стекнат самодоверба, да развијат комуникациски и организациски вештини и често волонтерството преставува можност за добивање платено работно место. Волонтерството не смее да се третира како бесплатна работна сила.

**ДОМ се залага за:**

- јакнење на волонтерски центар како клучен столб за негов развој,
- промоција на волонтерството во училиштата,
- вреднување на волонтерството при вработување,
- спроведување на истражување за економска исплатливост на волонтирањето,
- зголемување на можностите за волонтирање во секторот здравство, социјала, образование, локана самоуправа и во државните институции.

**ДОМ ЗА МЛАДИТЕ!**

**МЛАДИТЕ ДА БИДАТ ВРАБОТЕНИ ВО СВОЈАТА ТАТКОВИНА!**

Светот останува на младите! Младите треба да добијат вработување во својата татковина! Катастрофални се податоците од Светска банка кои велат дека во последниве 4-5 години од Република Македонија се иселени преку 400.000 млади.

ДОМ се залага младите да останат во својата татковина, тука да стекнат квалитетно образование, да се вработат и да бидат признати како експерти во својата област како би ја граделе својата кариера и би помогнале во развојот на својата држава.

Неприфатлливо е ова излевање на мозоци, на квалитетен млад кадар во странство. Не сакаме повеќе само на скајп да комуницираме со нашите деца, внуци, пријатели, другари. Затоа Република Македонија ќе биде ДОМ ЗА СИТЕ! ДОМ ЗА МЛАДИТЕ!

Иднината останува на младите, младите ќе бидат вработени во својата татковина!

**ДОМ се залага за:**

- Фер пристап за вработување на младите според способности и квалитет, независно од политичка, етничка и верска припадност.

- Отворање нови непартизирани работни места во рамките на универзитетите и факултетите, кои ќе им овозможат на студентите да заработуваат и да ги развиваат своите вештини (да вршат истражување за потребите на професорите, да преведуваат, да им ги организираат термините за консултации, да прибираат материјали за специфични предавања, да контактираат со колегите од странство, да им ги организираат патувањата и сл. ),
- Отварање на младински советувалишта и бесплатни бизнис консултантски канцеларии во рамките на факултетите,
- Загарантирано работно место за најдобриот студент на генерацијата во соодветната област,
- Задолжителна пракса во секоја студиска година и забрана за неплатена пракса
- Развивање проекти за хонорарна работа за студентски тимови во соработка со општините и врз основа на локалните приоритети кои ќе обезбедуваат социјална стимулација за старите луѓе преку уметност и музика, рекреативни програми за деца во ризик, бебиситерство, подучување  и сл.,
- Годишна програма за вработување на децата без родители и младите од социјално загрозените семејства, како и млади со ризик,
- Афирмирање и финансиска помош за младите што ќе се занимаваат со земјоделство,
- Бесплатна консултантска и финанска помош за стекнување на сите потребни вештини за столари, водоводџии, бравари, клучари, заварувачи итн.,
- Основање бизнис комора на млади стопанственици која ќе ги штити работничките права на младите до 35 години и ќе им нуди можности за кариера, обуки и советување,
- Отварање работни места за студенти и магистри по заштита на животна средина и тоа за:
    - подобрување на енергетската ефикасност,
    - ограничување на емисиите на стакленички гасови,
    - минимизирање на отпадот и загадувањето, заштита и враќањето во   нормала на екосистемите и
    - адаптација и справување со последиците од климатските промени.
- Транспарентна и јавна Агенција за вработување со лесно достапни и точни информации за слободни работни места,

- Олеснување во плаќањето на придонесите и изземање од плаќање на данок во рок од 3 години  за отварање на работни места за млади до 29 години во неразвиените градови во РМ,
- Помош и субвенции за малите и средни бизниси водени од лица до 29 години,
- Склучени договори и поволности за лица до 29 години кои ќе се занимаваат со земјоделство при купување на потребна апаратури (рати, попусти, кредити со ниски каматни стапки),
- Поволни кредити за млади за рестартирање на згаснатите компании во општините во РМ (отстапување на земјиште, простории и опрема),
- Кредити за млади со ниски каматни стапки,
- Грантови и субвенции за младите за отварање бизнис по сопствена идеја/грантови за нови идеи и иновации за младите.

**Проект: Биди занаетчија –** Информираност и пристап до чирачките програми и насочување на младите за изучување на занаети кои се пред исчезнување

## 4.7. ПОЛИТИКИ ЗА ТРЕТО ДОБА

### Состојби

Незапирлив е трендот на стареење на населението. Во светски рамки процентот на население постаро од 60 години во 2015 година изнесуваше 12,3 %. Очекувањата, во услови на намален наталитет, се дека до 2030 година овој процент ќе изнесува над 16%, а до 2050 и до 21%. Овој процес е проектиран за сите региони во светот. Состојбата нималку не е поразлична во Македонија, каде учеството на возрасното население (65 и повеќе години), според податоците на ДЗС, изнесува 12.5 %.

Во овие услови, ДОМ се залага за нови законски инструменти за солидарност, промоција и почитување на правата и достоинството на лицата од трето доба, на сениорите. Целта е да се обезбеди целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи од страна на сите повозрасни жени и мажи.

### Приоритети и мерки

ДОМ во оваа насока ги предлага следниве политики:

- **Забрана на дискриминација врз основа на возраст**, што опфаќа забрана за маргинализација и повреда на нивните права.

- **Право на живот**, односно преземање на соодветни **мерки** за да се обезбеди:
    - спречување на произволно или дискриминаторско одбивање или рационализација на здравствени и други услуги, поддршка во основни животни продукти (храна и вода);
    - регулатива за следење и спроведување на стандарди на услуги за поддршка на повозрасни лица во прилагодувањата за долготрајна нега.

- **Право на здравствена заштита**, преку континуирани здравствени услуги што се спроведуваат во соодветна примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита и формални и неформални услуги за поддршка, што вклучува и непречен пристап до лекови, медикаменти и помагала.
- **Право на лицата од трето доба на услуги за поддршка за самостојно живеење и вклученост во заедницата.** Со овие политики треба да се зацврстат и да се гарантираат правата на повозрасните луѓе на услуги за поддршка за самостојно живеење  преку:
    - поддршка за независно живеење и целосна вклученост и учество во заедницата;
    - избор и пристап до широк спектар на опции со која се поддржува нивната способност за самостоен живот;
    - континуирана поддршка на услуги прилагодени на лични барања, а што се однесуваат на културните, религиозните, половите, јазичните и други прашања;
    - носење закони и креирање политики за постапки за заштита на лицата од трето доба од злоупотреба и занемарување.

- **Спречување на насилство и злоупотреба на лица од трето доба**, со што ќе се гарантира правото на повозрасните луѓе да бидат ослободени од сите форми на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или немарен однос, напуштање, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи и финансиска експлоатација, било тие да се извршени од страна на лица во позиција на доверба или од други. Ова ќе се обезбеди преку:
    - правна криминализација на сите форми на злоупотреба и искористување на овие лица;
    - мулти-секторски политики за спречување на сите форми на злоупотреба;

- обука на давателите на услуги за поддршка како да препознаваат и да одговорат на злоупотреба и искористување на овие лица;
- обука на здравствените работници, социјални работници и други професионалци за тоа како да го да одговорат на злоупотреба и искористување на овие лица;
- услуги за поддршка на жртвите;
- регулаторната рамка за грижа, поддршка и обезбедување на услуги за да се спречи и да се одговори на злоупотреба или занемарување на постари лица;
- отстранување на штетните традиции и практики кои резултираат со насилство и злоупотреба.

- **Право на работа**, со цел да се зацврсти и гарантираа правото на лицата од трето доба да работат на еднаква основа со другите. Ова ќе се оствари преку:
  - забрана на дискриминација врз основа на возраст а поврзано со вработувањето, вклучително и регрутирањето, продолжување на работен однос, напредување во кариерата, политики за пензионирање и безбедни и здрави услови за работа;
  - еднакви можности и еднаква награда за работа од еднаква вредност;
  - промоција на можностите за повозрасните лица за самовработување и претприемништво, вклучувајќи не-дискриминација во пристапот до микро-финансирање;
  - соодветни и ефикасни мерки за заштита на правата на постарите луѓе кои работат во неформалниот сектор;
  - политики за флексибилно пензионирање, нови работни аранжмани, адаптивна работа и стручна обука.

- **Право на образование**, преку кое ќе се зацврсти и гарантира правото на лицата од трето доба на образование, на еднаква основа со другите. Ова ќе обезбеди:
  - недискриминаторски пристап до можности за високо образование, стручна обука и преквалификација, образование за возрасни, учење и стекнување вештини вештини во текот на целиот живот;
  - признавање на традиционалната и современата улога на овие луѓе како база на знаење, вештини и култури;
  - интергенерациски пренос на знаење.

## Проекти

- Формирање на регионални државни установи за нега на лица од трето доба со нарушено здравје или оставени без грижа, кои не поседуваат доволно финансиски средства,
- Формирање на сервис за нега и снабдување со основни животни продукти на лица од трето доба,
- Формирање на социјална служба за грижа на лица од трето доба,
- Формирање локални клубови за дружење на сениорите,
- Формирање мрежи на сениори за квалитетен социјален живот.

# 5. ОТВОРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ДИЈАЛОГ

## 5.1. НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Состојби

Надворешната политика на Република Македонија подолг период наназад е ставена на втор план и е сосема маргинализирана можеби најмногу поради блокираноста на патот на нашата европска и евро-атлантска интеграција, и повеќето меѓународни активности, всушност, се занимаваат со нашата внатрешна политика, поточно тие се сведени на решавање на сериозни актуелни домашни проблеми со кои се соочуваме и кои, очигледно, не сме во состојба сами да ги решаваме и барме поддршка, помош и медијаторство од администрациите во Брисел и во Вашингтон. Тоа не само што покажува дека нашите институции немаат доволен капацитет да се справат со политичката криза и со проблемите што произлегуваат од неа во Република Македонија, туку е и знак дека надворешната политика главно е сведена на протоколарни активности што не придонесуваат за афирмација, кредибилитет и напредок на нашата земја на меѓународен план.

### Приоритети

Во такви политичко-безбедносни околности, **ДОМ се залага за:**

- Натамошно развивање и продлабочување на европската и евро-атлантската ориентација на Република Македонија;
- Поактивна улога во меѓународните организации (Обединети нации, ЕУ, НАТО, Совет на Европа, ОБСЕ и други регионални иницијативи);
- Развивање на добрососедски односи врз база на обостран интерес;
- Постојан контакт и поврзување со дијаспората и со младите лица кои во последниве години во огромен број заминуваат од земјава на школување или на работа во странство и

- Развивање на парламентарната дипломатија и поопштествување на надворешната политика со широко учество на граѓаните, цивилниот сектор и на медиумите заради создавање помоќни контролни системи врз дефинирањето и спроведувањето на надворешната политика.

**ЕВРОАТЛАНТСКИ ИНТЕГРАЦИИ**

**ДОМ од своето формирање има јасен став околу припадноста на Република Македонија во европското семејство на земји и народи**, за исполнување на критериумите за зачленување во Европската унија, за почитување на европските демократски вредности и за креирање нов одржлив систем на односи што ќе придонесе за целосен успешен развој на земјата. Свесни сме дека Македонија нема доволно можности и ресурси, како природни, така и човечки, но дека сепак треба максимално да ги искористи постоечките и да успее да направи прогрес првенствено внатре во самата земја, а потоа и во рамките на Европската унија. Евроатлантската ориентација на Република Македонија останува трајна определба и залагање на ДОМ, што подразбира и активна и продуктивна соработка во сите сфери со телата и органите на ЕУ и на НАТО, со нагласка на соработката со Европскиот парламент, поточно со граѓанските партии и партиите од центарот, со посебен акцент врз соработката со европарламентарците од партиите на Зелените, особено по официјалното зачленување на ДОМ, што се случи минатата година, во групата на Зелените партии на Европа. Тоа е неопходно и поради определбата на ДОМ на меѓународен план активно да дејствува како зелена партија која ќе ги промовира и ќе се залага за имплементација на еколошките принципи и вредности, на многуте меѓународни договори и спогодби, кои се обврзувачки и за Република Македонија.

**СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ**

**Република Македонија поактивно и достојно да се вклучи во работата на меѓународните организации и институции**, почнувајќи од Обединетите нации, преку ЕУ, НАТО, ОБСЕ, Советот на Европа, па се до повеќето регионални иницијативи и договори со кои се унапредуваат сестраните односи на нашата земја со меѓународните субјекти. Тоа, според ДОМ, подразбира постојано активно присуство во сите тела на меѓународните организации, активно следење на меѓународните текови и давање соодветни иницијативи во меѓународните односи, давање придонес и белег, со што се афирмира и политиката на Република Македонија во однос на унапредувањето на човековите права, граѓанските слободи, пазарните економски иницијативи и привлекувањето странски инвестиции, развивањето на

еколошката свест, целосната заштита на верските права на граѓаните и друго.

ДОМ во овој контекст го потенцира и сериозниот проблем околу кадровската политика во Министерството за надворешни работи, поточно околу прашањето на изборот на стручни и професионални кадри во нашите Дипломатско-конзуларни претставништва и во Канцелариите на економските промотори. Од нивното професионално работење ќе зависи и успешното претставување на земјата на меѓународен план, значајно за афирмацијата на нашата политика за сеопшт одржлив развој, за добрососедска соработка и за решавање на проблемите преку дијалог и со  дипломатски средства.

ДОМ се залага за таргетирана економска дипломатија, за фокусирање на нашите економски промотори врз реализирањето на нашите интереси во одредени развиени или земји и региони со забрзан развој, онаму каде што економската промоција ќе даде вистински резултати и ќе придонесе за нашиот стопански развој. ДОМ во таа насока, исто така, бара промена и на Законот за надворешни работи, кој е донесен кон крајот на 2015 година и со кој практично се нарушени основните начела за нормално и доследно функционирање на една модерна современа дипломатија кон каква што се стремиме. Со овој Закон целосно е нарушен системот на кадровската политика и начинот на избор и разрешување на дипломатите вработени во Министерството за надворешни работи и на дипломатите што се распоредуваат во нашите дипломатско-конзуларни претставништва.

ДОМ се залага за професионалност, департизација, стручност и одговорност, како и за почитување на неполитизирана јавна администрација, особено во Министерството за надворешни работи и во распространетата мрежа на нашите дипломатско-конзуларни претставништва во странство.

## ДОБРОСОСЕДСКИ ОДНОСИ

**Добрите односи со соседите**, односите со земјите во регионот на Западен Балкан и воопшто со земјите во регионот на Југоисточна Европа и нивното постојано развивање и унапредување, се приоритет и постојана цел и стремеж на Република Македонија. Ваквите односи ДОМ ги смета за добра можност за усогласен и траен регионален развој, за економски и социјален просперитет и напредок на сите наши соседи и на земји од регионот воопшто. Соработката на политичко-безбедносен, економски и културен план е во интерес на сите држави и ДОМ се залага за поголема координација на земјите од регионот со Европската унија за да се зачува мирот, безбедноста и стабилноста и да се поттикнува развојот и напредокот на земјите од регионот.

**Истовремено, ДОМ се залага за поинтензивна и сеопфатна меѓугранична соработка со соседните земји**, а врз меѓународните принципи и правила се залага за поттикнување на урамнотежен економски развој, размена и трговија, заеднички вложувања и заеднички стопански проекти, како и на колективен придонес и потпирање врз сопствени можности и потенцијали за развивање на целиот регион.

Во врска со глобалните процеси на мигрирање на населението од земји зафатени со војни  и неразвиени земји кон поразвиените и побезбедни држави, ДОМ исто така се залага за **почитување на правата на движење и работа на мигрантите** и за целосно почитување на меѓународната регулатива на нивните права.

Покрај создавањето клима на добрососедски односи и промовирањето на нашата политика на мултикултурно општество, ДОМ се залага за излегување од ќорсокакот во кој се навлезени преговорите со нашиот јужен сосед околу употребата на нашето уставно име, како и за решавање на отворените прашања со соседите. Во таа смисла ДОМ дава иницијатива за одржување на редовни тематски Форуми што би се одржувале на високо ниво двапати годишно за размена на информации и искуства за јакнење на регионалната соработка на политичко-безбедносен, економски, културен и образовен план.

## Односи со дијаспората

Со одржувањето на вонредните парламентарни избори во 2011 година, нашата **дијаспора доби законско право да има свои претставници во Собранието на Република Македонија.** Тројцата пратеници од дијаспората што доаѓаат од трите изборни единици надвор од земјава, претставуваат своевиден мост за соработка и контакти со нашите иселеници во Европа, Америка и во Австралија, кој досега не се покажа доволно ефикасен и плодотворен. ДОМ инсистира на посуштинско и посеопфатно поврзување со дијаспората како обврска и грижа на Република Македонија за своите граѓани што живеат надвор од земјава и на суштинско потенцирање на економските, политичките, културните и меѓународните димензии на врските со дијаспората. ДОМ смета дека треба да се преиспита техничкиот начин на гласање и избор на пратеници од дијаспората, со оглед на големите финансиски трошоци. Се согласуваме гласањето да се одвива по електронски пат, како што тоа, впрочем, го предлага и дијаспората. За подобри врски и контакти на дијаспората со татковината, се залагаме за зајакнување на Агенцијата за иселеништво, која уште поинтензивно ќе ја промовира политиката на обновување и зацврстување на односите на Република Македнија со своите иселеници и за водење попрецизна база на податоци. ДОМ изразува

и голема загриженост поради масовното иселување на млади стручни кадри од земјата во последниве години и инсистира на што попрецизно водење на евиденција каде тие заминуваат, што учат и што работат, за да може на било кој начин да се искористи нивниот потенцијал, на извесен начин да се придобијат да соработуваат со наши фирми или институции и доколку е можно да се привлечат тие да се вратат во татковината.

**Република Македонија е земја со долга традиција на иселеништво** и со прилично висок степен на иселување. Иселеници од Македонија си заминувале во најразлични временски периоди поради најразлични причини. Денес, иселеници од Република Македонија и нивни потомци живеат на речиси сите континенти. Трендот на иселување продолжува и до денешни дни, што нужно налага една сериозна анализа и стратегија од страна на државата во однос на феноменот на иселувањето.

Како матична држава, Република Македонија е должна да се грижи за положбата и правата на иселениците од Македонија, а тоа е и влог во нивниот потенцијал, особено во младите генерации кои што се родени во земјите на Западна Европа, Америка, Австралија итн. Агенцијата за иселеништво е надлежна за оваа област, но видно е дека не располага со доволно ни материјални ни човечки ресурси за таа задача.

Неопходна е **долгорочна стратегија** за заемна соработка и комуникација помеѓу институциите кои се задолжени за иселениците од Македонија и претставниците на македонските иселенички организации. Фокусот треба да биде ставен на **заемна** соработка, што значи дека таа стратегија треба да биде договорена во рамките на дијалог и заемно разбирање, а не наметната само од една страна. Во тој контекст, треба да соработуваат претставници на македонските иселенички организации, претставници на Агенцијата за иселеништво, Одделението за иселеништво при МНР, пратениците од дијаспората, министерствата и невладини организации.

**ДОМ отсекогаш јавно се залагал за гласање на дијаспората и таа заложба е исполнета.** Но, не на начин кој ќе значи пристап на сите заинтересирани и еднаквост на гласот на избраните пратеници. За жал, реално само многу мал процент македонски државјани во дијаспората учествуваа на последните парламентарни избори, што се должи на фактот што гласањето беше овозможено само во ДКП-ата на РМ со претходно пријавување. За да се постигне помасовно учество на изборите на македонските државјани во дијаспората и да се обезбеди соодветно претставување на интересите на македонските иселеници во Собранието на РМ, но и заради зајакнување на нашата дијаспора, што е од заемен интерес, **ДОМ предлага:**

- измена на Изборниот законик со електронско гласање на дијаспората за следните парламентарни избори во Р. Македонија;
- Формирање на Иселенички совет при Агенцијата за иселеништво од претставници на иселенички организации од сите континенти, при што да се внимава на соодветна застапеност на македонските иселеници (бројност, родова рамноправност, етничка припадност, итн.);
- Иселеничкиот совет да изработува годишна програма за соработка и комуникација со сите заинтересирани македонски иселенички организации ширум светот во координација со директорката/директорот на Агенцијата за иселеништво во рамките на годишниот буџет, а програмата да се усвојува од Собранието на РМ.
- Да се отвори посебен финансиски фонд со кој што ќе раководи Иселеничкиот совет, наменет исклучиво за проекти кои што ќе дадат придонес околу положбата и правата на иселениците од Македонија; фондот да биде поддржан од донации и спонзорства на компании од иселеништвото, компании од Република Македонија итн.

## Транспарентна надворешна политика

**ДОМ се залага за потранспарентно водење на надворешната политика** на земјава и учество на повеќе чинители и фактори кои ќе бидат и нејзин соодветен коректив. Покрај граѓаните и цивилниот сектор, медиумите и јавноста, најмногу да се обрне внимание и на парламентарната дипломатија, како отворено дејствување на народните избраници, како широко поле на дијалог, но и како своевидна контрола на имплементацијата на надворешно-политичките цели. ДОМ смета дека постојано има тешкотии во координацијата на професионалното и одговорното водење на надворешната и безбедносната политика на Република Македонија и затоа е поголема активност во рамките на Собранието.

Во меѓународното политичко комуницирање и соработка, во поново време, **парламентарната дипломатија** станува се поприсутна и позначајна. Таа е веќе неодминлив и неопходен дел од целокупната политичко-административна машинерија на секоја земја токму и во спроведувањето на нејзината надворешна политика. Парламентарната дипломатија е значително поотворена, полесно прифатлива и може да се рече пофлексибилна во споредба со формите и механизмите на извршните владини оддели што се занимаваат со

надворешна политика. Собранието е високо развиена демократска форма што дава можност јавноста, односно граѓаните на Република Македонија посредно да имаат свој придонес во оваа значајна сфера на политичко дејствување. Собранието, сепак, ја одразува волјата на народот и таа треба да се почитува и кога се расправа токму за најбитните прашања поврзани со националните интереси. ДОМ верува дека ваквата демократизација на надворешната политика може да биде од полза и во интерес на Република Македонија.

## 5.2. ДОМ ВО СЕМЕЈСТВОТО НА ЕВРОПСКИТЕ ЗЕЛЕНИ

ДОМ во 2015 година заокружи еден од своите најважни политички циклуси. На есенското советување одржано во Лион, Франција, ДОМ и официјално стана составен дел на Европската Зелена Партија, која што негува европски вредности, демократски принципи, прогресивни идеи и се бори за заштита на планетата Земја од климатските промени и влијанието на човекот.

ДОМ како партија е горда што е член на ова најпрогресивно политичко семејство во Европа, семејство во кое сите се почитуваат и се поддржуваат, семејство во кое Македонија и нејзините граѓани имаат искрени пријатели, кои безрезервно ја поддржуваат на нејзиниот пат кон полноправно членство во Европската унија и кои многу често пред европските институции биле глас и на граѓаните на Македонија.

Влијанието на Европските зелени е забележливо во сите области на општествениот и политичкиот живот на Европа. Нивната зелена политика помогна Европа да го започне и успешно да чекори по патот на трансформација кон напредно општество во современиот свет. Нивното искуство и знаење е драгоцено за нас, за да можеме зелените политики да ги спроведуваме во нашата земја.

Сепак, ДОМ не е само учесник туку активен дел од европското семејство на зелените, значаен зелен политички фактор на Балканот и една од партиите лидери на балканското зелено движење, која постојано презема иницијативи за унапредување на состојбите, особено на планот на екологијата, затоа што таа не поврзува сите на овие простори. Меѓу Зелените на Балканот нема поделби; ние знаеме дека само со отворена соработка, дијалог и со заедничка работа можеме нашите земји и Балканот во целина да го претвориме во многу попристојно место за живот. Место создадено по мерка на човекот!